# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 декември 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија по договореното сценарио.

Пратениците Андреј Жерновски, Неждет Мустафа, Трифун Костовски, Јани Макрадули, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Орданчо Тасев, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Агим Џелили, Ејуп Рустеми, Гзим Острени и Мендух Тачи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со дискусија по Точката - **Избор на Влада на Република Македонија.**

Има збор пратеникот Коце Трајановски. Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодрам претседателе,

Почитуван мандаторе, почитувани кандидати за министри,

Почитувани колешки и колеги пратеници,

Денес на дневен ред е Избор на Владата на Република Македонија, што е нова четврта Влада после 15 септември 2002 година или трет премиер односно кандидат за премиер после 15 септември 2002 година. Во некои држави ова би требало да биде свечен момент, но за жал кај нас не е. Се надеваме дека во иднина тоа ќе се случи, со оглед на севкупните состојби, и економски и безбедносни, во Република Македонија.

Вака честото менување на владите, не само на оваа од 15 септември наваму, туку во континуитет од осамостојувањето сметам дека многу често се користи за купување на време, поради низа неспособности на одредени влади или состојбите да не можат да ги решат, во тој случај многу често се посегнува кон реконструкции или пак кон состав на нови влади. Со тоа се купува време, три месеци, два месеци, пет месеци, независно од тоа.

Мандатарот ни предложи Програма, состав на Владата и даде експозе, односно се обрати пред пратениците на Собранието на Република Македонија. Ако ја погледнеме Програмата, ќе видиме дека е многу општа, има список на желби и да се надеваме дека овие желби барем малку ќе бидат исполнети, со стил на изразување кој не враќа можеби неколку децении station наназад, со долги реченици, конфузни, со многу поими, без ниту една бројка, процент или рокови. И што е најважно, нема самокритика, а поминаа веќе две години и сметаме дека оваа Влада е континуитет од 15 септември 2002 година. Нема споредба со ветеното, а сметам дека тоа треба да биде репер, треба да биде талонот со кој секоја Влада треба да си го споредува своето работење од добивањето на мандатот на граѓаните на Република Македонија.

Би предложил во иднина мандатарите да имаат програми кои навистина ќе нудат нешто конкретно, посистематизирано, да не бидат така поетски напишани со долги реченици, бидејки нависитна не е е целта да се наполнат само долги листови во таа Програма.

Едно нешто треба да се почититува кај новиот мандатар, а тоа е неговата енергичност и оптимизам кој го покажува. Само се прашувам дали оптимизмот и желбите кои ги покажува се реални, гледајќи како досегашните влади од нивните програми и желби, искажувани скоро секогаш овде од оваа говорница при нивното кандидирање - значи мислам дека не би требале да имаме голем оптимизам. Можеби ова ќе биде исклучок, но чисто се сомневам.

За разлика од Хари Костов, односно претходниот премиер, г-динот Бучковски како мандатар, сега е и претседател на најмоќната политичка партија во позицијата, сам ја составува Владата и сметам дека сите адути се во негови раце. Сите резултати би требало да бидат негови, многу брзо јавноста и опозицијата ќе ги побара резултатите од новиот премиер или мандатар и сметам дека тој ќе биде најодговорниот доколку ги нема тие резултати.

Би сакал да го потсетам мандатарот дека тој беше министер за одбрана и во 2001 година и во таа 2001 година, воена година, се случи Вејце, се случи Карпалак, се случија Љубански Бачила. Господинот Бучковски сега како премиер се надевам дека ќе се зафати со расветлување на овие случаи. Инаку, овие случаи ќе му тежат или ќе го следат до крајот на неговата кариера. Бидејки беше минситер за одбрана во тоа време, сметам дека има одговорност во најмала рака за расветлувањето на овие случаи.

На надворешен план покажа навистина голема активност во Министерството за одбрана, но работејки надвор го заборави сопствениот дом, така што ни се случи и Кондово. Значи нешто што пред НАТО се декларираме дека сме стабилна земја и цврсто чекориме кон НАТО, меѓутоа, се случи да не можеме да го контролираме ни главниот град. Сметам дека овие два суштински проблеми, како министер за одбрана од каде доаѓа како мандатар, ќе го следат доста долго се додека не ги расчисти овие случаи.

Ние како опозиција можеме да молчиме при изборот на оваа Влада. Ние дури можеме и да не бидеме против, но ние не сме индикаторот дали оваа Влада ќе биде добра или лоша. Во секој случај, тоа се граѓаните, тоа се избирачите, тие ќе го кажат својот збор, тие ќе кажат дали им се подобрени условите за живеење со оваа Влада или не.

Би сакал да потенцирам дека во блиското минатот, за прв пат во Македонија, а можеби и во светот, еден премиер даде оставка со образложение дека Владата односно министрите се корумпирани. Сметам дека ова е случај без преседан и затоа ова е една дополнителна обврска за новиот мандатар, а можеби и потешкотија во неговата работа, за да биде демантирано ова што беше кажано од експремиерот или тоа што беше кажано, ако евентуално било така, понатаму да не се повтори.

Програмата колку и да е добра треба да ја реализираат министри. Значи и со добра програма, но при слаб персонален состав зборувам министерски, во тој случај, таа Програма ќе биде само парче хартија. Сосема е природно мандатарот да ги избира министрите. Меѓутоа, кај нас со оглед на законите кои владеат, поради политичките односи, владите се коалициони и се случува на еден најдрзок начин коалиционите партнери да предлагаат кандидати без воопшто мандатарите да имаат влијание врз нивниот избор. Сметам дека тоа не е добро, во иднина тоа треба да се исправи и во најмала рака предлогот треба да дојде од коалициониот партнер, меѓутоа, последниот збор сепак треба да го има мандатарот, бидјеки нејголемата одговорност е токму на мандатарот или на идниот премиер. Тука сметам дека Република Македонија, барем во следната влада ќе треба да направи голем исчекор и затоа би му предложил на мандатарот или следниот премиер дека многу брзо треба да размислува за реконструкција при која тој како мандатар или како премиер ќе има поголеми овластувања и поголема можност при изборот на министрите и членовите на неговиот кабинет, односно неговиот тим.

За кандидатите за министри беше доволно кажано, но јас би потенцирал нешто накратко. Седум се исти лица, кои беа и до сега во министерствата и не знам зошто токму тие останаа без никакво образложение. Можеби мандатарот требаше да ни каже зошто тие што се променија се променија. Би истакнал дека има нов член во Владата, а тоа е г-дин Минчо Јорданов. Се надевам дека доаѓа од стопанството и тоа е добро, меѓутоа би кажал дека постои една опасност да биде злоупотребено за својот бизнис. Тоа до сега се случувало во Република Македонија. Нека биде ова еден од исклучоците или да не биде така направено. Тоа мораме да го потенцираме затоа што ако го прашате обичниот граѓанин во Република Македонија ќе ви го каже ова. Меѓутоа, да ја надминеме досегашната состојба и да покажеме дека сепак изборот на г-динот Минчо Јорданов само ќе придонесе за подобро владеење на Владата на Република Македонија, а не и за свои сопствени цели.

Едно нешто мора да се констатира при составувањето на владите во Република Македонија. Барем досега секој можеше да биде министер и тоа минситер за било кое министерство, независно од својата стручна подготовка, независно од своето претходно работно искуство, независно од своите афинитети. Значи буквално секој може да биде минситер во секое министерство, можеби со исклучок на едно. Тука би го потенцирал Министерството за финансии и тука најчесто се избира економист. Тоа се покажа и сега со оваа Влада, особено што има министри што преминуваат од едно министерство во друго и трето, а сметам дека тоа не е добро. Тоа се едни почетни чекори на демократија, плурализам или незнам што, што секако треба да се надмине. Значи за министер треба да дојде човек кој ќе има познавање од таа област, кој што има стручни квалификации за таа област. Значи сепак човек на кого првите сознанија од таа област нема да му бидат кога ќе дојде во тоа министерство. Во спротивно, верувајте дека ќе биде гостин во тоа министерство и веројатно ќе биде некоја фигура која нема да ја исполни не само програмата, туку ќе го уназади севкупно министерството. Тоа се случува и со оваа Влада. За жал, можеби тоа е поеклатантен пример, така што колиционите партнери предлагајќи свои луѓе не сакаат ни да се дискутира за нив. Тоа беше и со г-динот Буџаку, иако премиерот или мандатарот доста се обидуваше сето тоа да не биде. Би потенцирал тоа да не се повтори. Значи г-динот Дураку кој е машински инженер доаѓа во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, што е сектор кој во Република Македонија треба да биде фундаментален за развојот на Република Македонија, ние ставаме човек кој најопшто кажано нема поим од

земјоделие, при што сметам дека мандатарот или идниот премиер треба да вети овде дека г-динот Дураку нема да ги затвори вентилите и на Рашче, со оглед на тоа што тоа го стори во Липково. Бидејќи г-динот Дураку тоа не може да го вети, меѓутоа тоа мора да го вети пред нас мандатарот, бидејки сепак не е тоа мала работа, тоа се случи во Македонија во 2001 година. Човек со вакво минато во најмал случај не треба да биде министер. Се друго, меѓутоа, далеку од тоа да биде министер. Меѓутоа, тоа е багажот што мора да го носи мандатарот и оваа Влада. Сметам дека не е добро за Република Македонија.

Што се однесува до Програмата, беше истакнато и во експозето, добро е тоа што јавно се проговори дека Република Македонија е сиромашна земја, сиромаштијата затропала на многу врати, кај голем процент од населението во Република Македонија и самата констатација воедно е и обврска дека токму оваа Влада најмногу треба да биде посветена на надминување на сиромаштијата во Република Македонија. Како тоа ќе се изведе? Преку нови инвестиции, преку рестартирање на фабриките, преку давање поголеми погодности во земјоделството. Тоа ќе треба да го одреди самата Влада. Во секој случај крајно граѓаните ќе треба да го почувствуваат сето тоа. Тоа е многу едноставно да се почувствува, тукуа нема програми, нема експозе, нема добри или долги реченици, но сепак се чувствува колку е животот суров или колку е добар кон одредени граѓани.

Јас би потсетил само на неколку ветувања од 15.09.2002 година, со оглед на тоа што реков дека реперот за секоја Влада е кога ќе го добие мандатот на парламентарните избори. Ветивте дека нема да има непотизам, но тој постои, можеби и се динамизира, ветивте дека ќе се намали данокот на додадена вредност од 18% на 5% но се случи обратното, дека ќе се зголеми бруто домашниот производ на годишно ниво 6%, но 2003 година е 2,75%, 2004 година 4%, што е далеку од 6%. Ветивте дека ќе се утврдат производи за кои државата ќе интервенира со дирекно плаќање, се мисли на земјоделските производи, дека ќе бидат донесени нови закони за телекомуникации и радиодифузија со цел монополот или хаосот во таа сфера да биде надминат, но не се донесоа. Ветивте ослободување од здравствена партиципација на деца до 15 години, на бремени жени, на лица над 65 години старост, на хендикепирани, но не се случи тоа. Исто така, коалицијата вети дека нема да коалицира со ДУИ, но се направи таа коалиција. Сметам дека ова е реперот. Сето она што го правиме понатаму и што ќе се прави до 2006 година - мислам дека оваа Влада ќе остане во овој мандат - секогаш треба да се споредува

со ветеното и со пресекот на севкупните состојби кои биле на 15 септември 2002 година па наваму. Не треба да се споредува од јас кога дојдов, бидејки свесни се луѓето за тоа. Претходно кажав се прават многу реконструкции, се прават нови влади на коалициите кои ги имаат добиено парламентарните избори, меѓутоа, народот го памти датумот кога на парламентарните избори победува одредена коалиција и тоа што им е ветено. Сето останато е меѓупростор и мислам дека граѓаните не можат да се излажат.

Гледајќи ја Програмата, јас само би потенцирал некои работи бидејќи сметам дека треба да им дадеме време и на другите да дискутираат со оглед дека нема многу време. Значи гледајки ја Програмата, како што искажав веќе таа е општа, со многу опширни и долги реченици, меѓутоа, сепак ми падна во очи тоа што Рамковниот договор е ставен на прво место и како приоритет. Значи сепак сеуште сме под таа пресија. Зошто е ова на прво место? Иако и во експозето се напомна дека скоро тоа е завршена работа, јас не знам од што се плашиме па го ставаме на прво место. Ако веќе зборуваме за обврски од Рамковниот договор, често сум повторувал овде од говорницава и пак ќе повторам, еден од предусловите за Рамковниот договор е раселените да се вратат во своите домови. Еве, две години од владеењето на оваа Влада или три, четири години од военот конфликт, раселените од Арачиново, од Липково, Матејче сеуште се надвор од своите домови. Во сопствената земја тие се бегалци, а не можат да се вратат. Една единствена е причината, тоа е безбедносната состојба. Некој ќе рече дека сакаат убави станови, сакаат во град да живеат, но не е точно. Некои се обидоа и да се вратат, но за жал, ги изгубија животите, токму во Арачиново се случи тоа. Тука најголемиот придонес треба да го даде токму ДУИ, токму тие што ја направија војната, бидејки тие ја контролираат таа територија. Меѓутоа, сеуште ги имаме тие кризни региони, црни точки во Република Македонија во кои движењето на останатото население е скоро минорно или никакво. Мислам дека тоа треба да биде главната преокупација на ДУИ за да можат тие региони да бидат слободни за движење, да може секој граѓанин на Република Македонија да посака да оди таму, а не кога ќе мора па да не смее да отиде. Тоа се тие предуслови од Рамковниот договор. Ние молчиме, ние ги одолговлекуваме и тие после тоа ни стануваат предмет на пазарење. Со тоа дури се условува Владата и државата Република Македонија. Тоа мора јавно да го кажеме и мораме да го прекинеме тој начин на размислување. Инаку, права, права, права. Во ред, тоа ќе оди и оди, и претходно, и пред 2001 година оди. Сметам дека тој

конфликт од 2001 година Република Македонија, покрај човечки животи, она што најмногу ја чини тоа е парите, тоа е загубата од неколку милијарди евра, според мене, колку што ја чини Република Македонија тој воен конфликт и последиците од тој воен конфликт. Да не беше тој воен конфликт, Република Македонија далеку ќе беше. Толку би кажал во врска со Рамковниот договор.

Она што се однесвуа до безбедносната состојба, а малку тоа го поврзав и со Рамковниот договор, би напоменал дека сега цврсто чекориме кон НАТО. Реков дека мандатарот многу е активен на надворешен план, меѓутоа, го заборавивме сопствениот дом. Ни се случи Кондово. Како член на Комисијата за одбрана и безбедност присуствувам на некои семинари надвор од Република Македонија, дури на последниот во Црна Гора на балканските земји, излеговме и за потсмев како ние сме лидери на овие земји за приклучувањето кон НАТО, а сепак Скопје не го контролираме, главниот град не го контролираме. Тоа ни беше јавно кажано и навистина не беше пријатно да си присутен при такви разговори.

Затоа, сметам дека Кондово треба да се реши на најбрз можен начин. Како ќе го реши Владата тоа е нејзино, меѓутоа, Владата има уставни овластувања. Иако таа е во оставка, државата треба да функционира. Тие министри се сеуште министри додека не се изберат другите. Вака кај нас испаѓа ако некоја влада е во оставка, скоро да прекинува со работа. И тоа е тој вакуум кој што е многу лош.

Исто така би сакал да потенцирам од аспект на безбедносната состојба треба да се одбележи границата. Исто така, и воените единици кои се погранични особено кон Косово сметам дека тие служат само за декор од разговори и сознанија што ги имаме.

Значи, треба да им се даде поголема професионалност и поголема одговорност токму пред нивните надредени старешини. И таму имаме дуализам. Значи, луѓето кои што се од мешан етнички состав, особено не е толку и од мешаниот состав, туку од нивната партиска припадност, тие си одговараат пред своите партиски лидери иако се на едно, да речам многу ниско ниво во таа безбедносна структура. И затоа тие наши воени единици кои што се на границата евентуално само евидентираат. И затоа ни се случува да доаѓаат толку од Косово во Кондово, или во другите делови неконтролирано, иако ние имаме таму воени сили кои што ја бранат границата.

Пред референдумот се случи признавањето на нашето Уставно име. Би сакал да потенцирам дека референдумската кампања според мене допринесе Република

Македонија да биде признаена од САД под нејзиното уставно име. Кој сака нека го негира ова, меѓутоа такво е моето сознание. И сметам дека тоа е можеби и еден производ на демократијата во Република Македонија. Доколку не беше тоа признавање, можеби ќе беше и различен ефектот од тој референдум, меѓутоа се случи и добро е што не признаа под тоа Уставно име. Меѓутоа, не треба тука да се запре, би требало да се интензивираат разговорите со САД за да извршат влијание на сите нивни блиски земји за да и тие не признаат под нашето уставно име.

Она што се зборува дека Владата ќе биде непоколеблива против организираниот криминал и корупција, сметам дека е едно од клучните сектори за кои што треба да се ангажира оваа Влада, особено што и остана голем терет од екс премиерот Хари Костов кој јавно кажа дека корупцијата е во Владата на Република Македонија. Тоа е еден поразителен факт кој што треба да се прифати како таков. Инаку, со сите средства треба корупцијата прво да се бара во највисоките луѓе во државата, па после надолу е многу полесно. Значи, ако знаеме дека министрите се корумпирани, тогаш што остана за сите останати структури подолу. Овој превез, оваа дамка, оваа Влада треба многу да работи за да може да ја симне од сопствените плеќи. Затоа сметам дека корупцијата е еден од главните проблеми кои што Република Македонија ја влечат назад и кон интегративните процеси и воопшто кон нејзиниот развој.

Она што се однесува за патни и лични исправи, претходната Влада објави тендер и склучи договор со Хјули Пакард, меѓутоа со доаѓањето на новата власт, знаеме кој е Хјули Пакард, со доаѓањето на новата власт сето тоа се спречи, така што процесот стагнира. Доколку се продолжеше тој процес, значи, ако една Влада која што ќе дојде после некоја претходна, таа треба сите работи кои што се добри треба да ги продолжи. Треба да имаме континуитет во нашето функционирање, а не се што направи претходната власт да се поништи и пак да се почне од почеток. Тоа многу често беше случај во Република Македонија, не треба да биде понатака, бидејќи на крајот сите ќе бидеме заложници на таквите начини на однесување.

Економскиот развој во секој случај е главната тема која што треба да биде во Република Македонија, меѓутоа и се дава многу мал простор, многу малку внимание. Сметам дека треба да ги впрегнеме сите наши сили, сите наши можности за да може економскиот развој да биде што подобар. Меѓутоа, гледајќи како го ставаме персоналниот состав, како лесно ги менуваме министрите во Владата и колку ова Министерство досега има допринесено барем во овие две години, јас чисто се

сомневам дека нешто повеќе ќе направи. Многу често во биографиите на министрите кои се даваат, има многу нивни членства во одредени организации, директори на претпријатија, најчесто се тоа на некои јавни функции. И треба да се внимава дали тие функции се добиени поради блискоста, или припадноста на одредена политичка партија. Може две страни да се наполнат само поради блискоста на врвот на одредена политичка партија, министер, или советник во многу министерства, во многу јавни претпријатија. Меѓутоа, сепак тоа да биде само формално поради неговата полтичка подобност.

Што се однесува до правниот сектор, исто така тоа е еден голем проблем во Република Македонија . Сметам дека од 15 септември настана назадување во овој сектор. Ќе кажам и конкретно во кои области од правниот сектор. Значи, со доаѓањето на новата коалиција на еден најбрутален начин беше разрешен Републичкиот судски совет. Се избра нов Републички судски совет кој што имаше партиска димензија. Исто така, нов јавен обвинител на Република Македонија близок до власта, значи и на него може да му се препише едно партиско обележје. Така што овие две клучни функции, да речам и Уставниот суд во еден дел, така што овие две-три функции кои што се клучни во правосудниот систем во Република Македонија не смееше да дозволи оваа коалиција да добие таков партиски третман. Сите други останати реформи ќе зависат од овие персонални решенија. Ние можеме кој знае какви реформи да правиме, меѓутоа ако луѓето кои што ги ставаме се партиски одредени, тие реформи нема да ги спроведат онака како што треба. И затоа ние како опозиција ги критикувавме сите тие решенија, меѓутоа колку ние повеќе критикуваме, следните персонални решенија во овие области продолжуваат да бидат исто така партиски.

Што се однесува до земјоделието, исто така сметам дека, или претходно кажав кога дискутирав за министрите. Сметам дека нема ништо да се направи со оглед на кандидатот за министер за земјоделие. Само би потенцирал дека едни од најголемите ветувања, ги кажав и претходно на 15 септември 2002 година беа токму во областа на земјоделието. Земјоделието е единствена гранка која што е една од ретките гранки која што може Република Македонија да ја извади од оваа економска криза. Тоа е сектор за кој што ние сепак во Република Македонија знаеме најмногу и можеме најмногу да направиме, меѓутоа очигледно дека државата треба да создаде предуслови која што треба да интервенира за да ова земјоделско производство биде поквалитетно и пообемно, но тоа не го прави. Така што секоја година се соочуваме

со фактот и со основниот и можеби елементарен факт дека не можат дури и да се посеат земјоделските површини поради не добрата интервенција од страна на државата, а кога веќе тоа ќе се произведе државата нема механизми со кои што ќе го стимулира откупот, ќе ги отвора пазарите и ќе им овозможи на земјоделските производители да ги продадат своите производи.

Би споменал уште два сектори, тоа е здравството и образованието.

Сметам дека и во здравството има големи застои. Значи, ветивте на 15 септември дека ќе има лекови во сите здравствени институции, дека ќе има лекови по аптеките, меѓутоа се соочуваме со еден факт да ниту во болниците, ниту во амбулантите, па и во аптеките особено на листата на позитивните лекови скоро да ги нема секогаш во оној обем во кој што треба да ги има. Значи , секогаш се правело некако обратното. Да не зборувам за аферите при набавките во јавниот сектор кои што ние и јавно ги прокламиравме. Меѓутоа, еве, имаме кандидат за министер за здравство кој што сметам дека далеку е од тоа да ги надмине овие состојби. И затоа и претходно реков дека премиерот треба во многу брзо време да размислува за реконструкција на оваа Влада.

Што се однесува до образованието, г-динот Положани продолжува во образованието и покрај сите афери кои што беа во Министерството за образование. Сметам дека тој не е министер на сите, туку е министер само за една етничка заедница. Многу цврсто се бори за тоа и тоа е во ред од неговиот аспект, меѓутоа не е во ред од аспект на Република Македонија во целина. Минатата година три месеци немаа дневници во основните и средните училишта. Мислам тоа е навистина поразително за една држава која што има скоро 15 години самостојност.

Проблеми кои што се случија во основните училишта, во средните училишта во Скопје, во Куманово, во Битола и еве сега во Струга. И што е најновото кое што многу мои колеги го споменаа, тоа е дека финансирањето на основните школи ќе биде според бројот на учениците. И можеби тоа е во ред. Меѓутоа јас сакам овој проблем да го потенцирам. Во Република Македонија со оглед на тоа што населението е сконцентрирано во големите центри, значи има многу населени места со мал број на ученици и ние наместо да ги одржуваме тие школи поради стратешките наши определби да ги враќаме граѓаните во тие населени места, сега тие школи нема да добиваат пари со оглед на тоа што имаат мал број на ученици и тие школи ќе бидат затварани. Значи, од две, три школи ќе се прави една во некој регионален центар. Од економски аспект можеби е оправдано. Меѓутоа, од аспект на

тоа дека тоа ќе донесе големи последици за Република Македонија поради тоа што населението ќе почне да се иселува од тие населени места, бидејќи сите ние меѓу другото  живееме и за нашите деца. Ако тие не можат да се школуваат во местото каде што живеат, па треба да патуваат по неколку километри пет, или 10 во тој случај ќе настане и миграција на населението. И тоа е најчесто во македонскиот дел, значи онаму каде што живеат Македонци. Значи,нашите школи се со мал број на ученици. И затоа му предлагам на мандатарот ова да го сфати многу сериозно, значи, да го разгледа и сето ова да се стопира, значи оваа определба на г-динот Положани сметам дека има и некои задни намери. И затоа и колегите пратеници кои што се од позицијата кои што ја подржуваат оваа Влада и кои што се особено од сферата на образованието би сакал малку подобро да го разгледаат овој проблем, затоа што може да има катастрофални последици за Република Македонија.

Во социјалната сфера исто така, г-динот Манасиевски сега оди во Министерството за одбрана. Не знам кои се неговите афинитети спрема таму, дали образованието одговара, или пак се некои други побуди. Во секој случај мислам дека малку и необично со оглед на тоа што во областа на труд и социјална политика не се покажаа скоро никакви резултати. Значи, социјалните пакети беа скоро преполовени и можеби пак ќе речам, тоа е добро во некои нормални држави. Меѓутоа, ако ние на граѓаните на Република Македонија не можеме да им овозможиме да најдат работа, или вработување, значи да им понудиме слободни работни места, или да имаат можност да најдат, во тој случај никој не би сакал да има социјална помош. Социјалната помош е некое нужно зло во секоја држава се со цел да го задржи економското ниво, или егзистенцијата на фамилиите на граѓаните додека не најдат работа. Значи, ние од една страна не им нудиме можност да се вработат, од друга страна им ги смалуваме социјалните пакети и во тој случај сигурно ќе има појави кои што не се пожелни во ниедна држава. Особено социјалните случаи се зголемија со масовните отпуштања по доаѓањето на власт на оваа коалиција и тоа се со партиски предзнак, или реваншизам. Сметам дека беше многу лоша политиката барем до сега во оваа социјална сфера. Се надевам дека ќе се подобри. Значи, би требало социјалните пакети да бидат такви за да можат да имаат фамилиите барем една нормална егзистенција, да се зголеми можноста за вработувањето и со тоа сметам дека на некој начин ќе се преброди овој период додека Република Македонија малку подобро не застане на свои нозе. Јас толку би имал, може уште многу да се говори, би оставил простор на моите колеги.

И на крајот пак ќе потенцирам, на мандатарот, или на идниот премиер му посакувам многу брза реконструкција која што ќе ја составува самиот тој, кој што ќе има поголеми ингеренции во составувањето на таа влада. Да не биде со ваков театар како што се состави оваа Влада, бидејќи сметам дека тој е најодговорен и во овој случај кога ќе го составува својот тим сметам дека ќе даде и поголеми резултати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе,

Една кратка реплика, бидејќи излагањето на почитуваниот колега Коце Трајановски беше малку поопширно. Ќе се задржам само на три сегменти.

Ги спомна раселените лица. Ред е да се каже дека во изминатиов период од две години од функционирање на коалицијата за промени од 72 илјади раселени лица останаа уште 4.958 лица кои не се вратени во своите домови. Мислам дека ние и на една друга седница расправавме околу ова мошне битно прашање. И ве подржувам во делот секој човек да се врати во својот дом и да немаме повеќе внатрешно раселени лица. Меѓутоа, да се негира фактот дека од 72.000 внатрешно раселени лица останале само 4.958 раселени лица, мислам дека е несериозно.

Второ, го отварате по кој знае кој пат прашањето за Кондово што исто така сметам дека е исклучително битно прашање. Меѓутоа, би ве прашал како одговорен човек, зошто ја напуштивте во понеделник седницата на Комисијата за одбрана и безбедност кога ова мошне сериозно тело на Собранието расправаше цели четири ипол часа по ова прашање и донесе соодветни заклучоци.

И конечно, како координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ве молам директно да  ми одговорите, дали останувате на ставот на она што вчера го изрече еден ваш колега од вашата пратеничка група дека окупаторите повеќе се грижеле за Македонија одколку оваа власт. Ве молам, на ова посебно прашање барам директен одговор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трајановски, една минута. За прашањето, не сте обврзани, ова не се пратенички прашања.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Со колегата Томиќ често дискутираме околу раселените лица. Сметам дека Република Македонија треба да се грижи за раселените лица се додека и последното раселено лице не се врати во својот дом. Јас не го негирам фактот што биле вратени толку лица. Меѓутоа, исто така факт е дека во Арачиново и во Матејче воопшто нема вратени, или многу мал процент, скоро е занемарлив. И за тоа не смееме од мој аспект па да се негира фактот дека сеуште во овие две населени места раселените лица не се враќаат. И тоа е голем терет за Република Македонија. И сите странски емисари кога ќе доаѓаат во Република Македонија ќе прашуваат за тие раселени лица. И тоа треба да се реши што побрзо во Република Македонија.

А зошто ја напуштив седницата на Комисијата за одбрана и безбедност, тоа требаше вие г-дине Томиќ да ја закажете како власт, како позиција. Второ, сметам дека во најмала рака требаше да биде присутен министерот за внатрешни работи, а не толку ниско ниво.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Господине претседател, почитувани пратеници, кандидати за министри во Кабинетот на мандатарот Владо Бучковски.

Бидејќи на дневен ред имаме избор на нова Влада каде што се очеккува премиер да стане господинот Бучковски со една структура, би рекол нова со министри кои што доаѓаат по прв пат на многу значајни функции.

Во овој случај треба сите ние како пратеници да имаме поправеден приод во однос на овие проблеми поврзани директно со Владата, но и ние како пратеници кои што имаме одговорност околу проблемите кои што денес ги допираат граѓаните на Република Македонија.

Јас сакам да ви кажам дека експозето на мандатарот е за анализа и бара професионален пристап од аспект на проблемите со кои се соочува Македонија бидејќи од 2002 година ние имавме неколку промени во извршната власт, а сега господинот Бучковски е нов мандатар, трет по ред што треба да формира Влада, пред господинот Бучковски го имавме господинот Хари Костов кој што даде оставка, а пред тоа и сегашниот претседател на државата, господинот Бранко Црвенковски. Зошто да не кажам доколку направиме една анализа во однос на сите овие Влади, ние можеме до вистината и да видиме што можеме да им сугерираме како пратеници на идните кандидати или претставници на Владата.

Од страна на опозицијата се апострофираат новите кандидати што се предвидуваат да бидат во идниот кабинет на господинот Бучковски. Ве молам, ќе појдам од една многу проста, едноставна филозофија, како може да зборувате за личности кои што не ги познавате, а сеуште не ја зеле работата во свои раце. Ја прифаќам критиката во однос на сите оние лица кои што досега биле на чело на ресори, но за некои нови министри да зборуваме, мислам треба да им оставиме време да се покажат, да се докажат дека навистина имаат амбиции, имаат способност да бидат на чело на тој ресор за што ќе добијат мандат. Јас мислам дека овде секогаш има една тенденција во текот на овие дебати кога станува збор за избор на Влада без оглед, без пардон, се зборува за секој ресор, но се зборува и за нешто што е сосема надвор од она што можеме да го наречеме реално за состојбата која што е во Македонија.

Со самиот факт дека мандатарот во своето експозе ги потенцираше главните прашања и тие кои што се многу значајни за целата извршна власт, значи до крајот на мандатот, колку ќе трае не можам да прејудицирам, но ќе претпоставам дека ќе биде до 2006 година, тука се одредени приоритети. Кога се знаат тие приоритети тогаш околу тие приоритети кои што се одредени и определени од страна на мандатарот ние треба да имаме многу нормален пристап. Секој треба да има свој пристап, но со една единствена цел да придонесе со нашите забелешки и за нешто што ќе констатираме останато настрана, а не е опфатено во програмата на идната Влада, ние со нашите сугестии треба да го збогатиме тоа повеќе со цел да и помогнеме на Владата во нејзиното работење во иднина. Со ова треба да се согласиме сите.

Јас сум свесен дека опозицијата треба да ги допре сите точки за кои што смета дека постоеле девијации и ние треба да се соочиме со овој феномен, со оваа појава, бидејќи само така можеме да имаме ниво на работа на идната Влада, може да имаме резултати во нашата работа.

Што се однесува до приоритетите јас целосно ги поддржувам бидејќи сите тие приоритети кои што ги подреди мандатарот во својата програма мислам дека се многу оправдани и од многу значење за иднината на Македонија и за севкупниот развој на оваа држава. Тука имаме приоритет забрзување на интегративните процеси, се подразбира, во НАТО и во Европската унија. Прашање кое што навистина во последно време се направи едно големо раздвижување во овој правец, во оваа насока, и зошто да не речам дека е потрошена енергија, поконструктивен

пристап и за да се покаже квалитет во нашата работа околу интегративните процеси кога го имаме во предвид дека и НАТО бара стандарди, а истото го бара и Европската унија. Во овој правец како резултат на оваа работа на сите Влади досега, но и на идната која што ќе дојде не очекуваат и натаму големи задачи, но има еден факт дека раздвижувањата што ги направи Република Македонија во овој правец се навистина видливи и мислам дека се добри.

Што се однесува до нашата позиција во овој процес постигнавме денес да работиме во исполнувањето на задачите, на обврските што произлегуваат од Прашалникот на Европската унија. Ние прифативме до крајот на јануари 2005 година оваа процедура да заврши и сакам да видиме ние кај се наоѓаме во однос на овие раздвижувања, на овие движења. Во насока на зачленување во НАТО ние имаме поголеми позитивни исчекори направено, навистина е многу јасно и многу е оправдано некои и ние да не искажеме незадоволство зошто овие процеси немаат динамика. Оваа состојба што ја имаме, не ја создадовме сега во овој состав, оваа коалиција, таа е наследена од порано и дел од одговорноста имаме сите, некој повеќе, некој помалку, а ние како пратеници можеби често пари го земаме правото, а бегаме од одговорноста. Се растоваруваме, а одговорноста ја бараме на друго место, отколку што заслужуваат тие. Затоа треба да бидеме принципиелни на овие приоритети, а како прв приоритет е прашањето на интегрирањето на Македонија што јас гледам дека на овој процес треба да му претходат неколку компоненти кои што ги кажа господинот мандатор.

Кога велам, во врска со ова дека треба да претходат неколку компоненти, тоа се, политичките реформи, реформите во економијата, јас мислам дека навистина се неминовни колку и да не одат со таа динамика која што ние ја посакуваме но сепак ние треба да чекориме по овој пат без оглед колку е долг овој пат, колку е тежок, затоа што многу, многу ги допира интересите на граѓаните и тоа се рефлектира многу тешко врз рамениците на секој граѓанин на нашата држава. Доколку сакаме да ја признаеме оваа реалност ние треба да бидеме многу повеќе присутни на теренот и да имаме контакти ние како пратеници, но и извршната власт бидејќи тие се граѓани, државјани на оваа држава и мислам дека ова е дел од одговорноста кога нештата се допираат, се перцепираат таму каде што чувствуваат и каде што повеќе се рефлектираат. И, врз основа на оваа филозофија мислам дека можеме да имаме и поголеми успеси доколку не  се оддалечиме од населението, од граѓаните и секогаш сме присутни во најчувствителните моменти.

Мислам дека со овие реформи во политичкиот или економскиот систем треба да одат напред и овоие раздвижувања треба да бидат многу забрзани во овој правец. Опозицијата и партнерите од коалицијата - позицијата, парламентарните групи кои ја сочинуваат оваа коалиција треба да дадат еден поголем поттик на идната Влада на чело со господинот Владо Бучковски.

Што се однесува до развојната политика, развојната политика е една посебна компонента, во овој случај сакам да кажам дека во оваа компонента треба да имаме еден многу посериозен пристап и Владата и ние. Мислам дека имам впечаток, можеби ќе бидам и критичен, можеби некој и не сака да го прифати, но тоа е реалност. Досега во овој правец многу малку покажавме резултати, за жал, би рекол една несреќа на сите Влади, а сакам оваа Влада да не ја следи оваа несреќа што се однесува до оваа компонента, во овој правец се направени многу нешта. Ве молам, немаме конкретна програма. Што значи конкретна програма. Јас реков дека е тоа приоритет. Дадени се неколку развојни компоненти и јас сум за да се поздрават сите овие компоненти бидејќи тие се во пишана форма. Програма имаше секоја Влада, но постои една вистина дека резултатите недостасуваа. Доколку самите не сме самокритични и не прифаќаме дека тоа што не следеше досега, бидете убедени колку и да се фалиме самите себе си, јас можеби не можам да ги искажам тие убави зборови кој што некој може да ги каже подобро, јас мислам дека се бесцелни, немаат тежина бидејќи не можеме ние преку дебати, некој ќе најде професионален збор кога ќе се вклучи во развојната економска компонента, наоѓа толку убави зборови и сите можеме да констатираме дека овој е експер, дека е човек кој што сме го немале досега, и во овој случај навистина го најдовме, често пати ни се случило во овој правец да бидеме измамени дека во работата покажува нешто друго.

Имајќи го во предвид сето ова што се случува кај населението, значи, целата состојба, социјалните проблеми, нивото на невработеноста и сето она што ја следи Македонија, мислам дека е момент, можеби нема да погрешам, да не речам последен момент, туку момент кога во овој правец треба да имаме многу посериозен пристап и посакувам министрите во идниот кабинет на господин Бучковски на самиот старт да се екипираат, да имаат луѓе експерти кои ќе бидат блиску до нив и да се претстават со конкретни проекти што се однесува до економскиот развој, бидејќи друг пат немаме, друг излез нема. Колку да се обидуваме, прашањата, проблеми да ги отфрламе, да ги ставам е во друга област, тоа често пати овде се употребува, тоа е традиција, кога проблемите се од ваков карактер, од економски карактер, секогаш

има простор меѓу етничките односи, да launch речеме Кондово итн, бидејќи проблемите ни се појавуваат и имаме секогаш образложение, еве вака ни се појави еден проблем и секогаш економските проблеми ги оставаме настрана.

Што се однесува до проблемите што ги допираат меѓуетничките односи, ние имаме Охридски договор. Охридскиот договор е еден документ околу кој не треба да имаме никакви дилеми, тој треба да се реализира и мислам дека тоа треба да го направи оваа Влада. Некој ќе рече доволно е веќе, се истрошивме со Охридскиот договор. Зошто се истрошивме мене ми е јасно. Сите што го велат ова дека се истрошивме, дека голема енергија потрошивме во овој правец, навистина тешко е кога треба да ја направиме оваа реформа или треба да ја имплементираме оваа точка од Охридскиот договор и кога ќе се имплементира тој дел особено околу адекватното вклучување на албанците во системот на државата, јас мислам дека ова е многу чувствително прашање, но постои една несреќа кога некој мисли дека кога се зборува за ова значи некому му го узурпира правото или пак му го одзема залакот од устата.

Мислам дека токму во овие дебати кои што имаат ваква димензија на пристап некој си дава право на себе си и вели дека тука сме се задржале многу и дека сме потрошиле многу енергија. Не треба да се потроши толку енергија, но мислам дека е тоа неопходно и придонесува за доброто на сите граѓани. Зошто ние да ги одбегнуваме овие прашања. Значи, преминување од еден проблем кој што бара решение, ние произведуваме друг проблем и како дериват на сето ова лошо е тоа што ви го кажав претходно дека некој не сака да прифати една реалност која што денеска ја нарекуваме мултиетничка Македонија, Македонија по Охридскиот договор, Македонија која што има многу добра позиција во интегративните процеси и во НАТО и во Европската унија што можеби и голем број држави работеле во овој правец но не дошле во оваа позиција, но тоа не значи дека сето она што е постигнато досега нé задоволува и ги исполнува државни и граѓански потреби на Македонија.

Јас гледам дека како приоритет на идната Влада е борбата против организираниот криминал и корупцијата, феномен кој што ги следи сите општества. За жал кај нас има една многу поголема димензија. Несреќата е во тоа господа пратеници и можни кандидати за министри дека и пратениците и пошироката јавност во Македонија, еден број, не сите кога ќе дојдат на овие функции доаѓаат за свои лични интереси и секогаш претендираат како да се збогатат. Ве молам, тоа

богатство не може да дојде по други патишта освен преку корупција, преку разните форми кои што се незаконски. Доколку не расчистиме со самите себе си како можеме да расчистиме со другите. Тоа е невозможно. За да се бориш против негативна појава кај другите, прво треба да расчистиш со самиот себе си. Мислам дека ова прашање следи, ние имаме Антокорупциска комисија на која што и е даден мандат од овој Парламент, Комисија која што има во основа закон да создаде услови да работи нормално, да биде независна и да нема никакви притисоци политички од страна на Владата или од Парламентот или пак од некоја друга државна институција.

Доколку во овој сегмент ги гледаме вака работите, јас мислам дека ќе имаме и резултати. Се занимаваме со индивидуални прашања кога зборуваме за корупцијата. Тоа не е работа што може да се расчисти во овој правец. На пример ќе се земе самиот себе си, ќе гоземеме Хисни Шаќири во однос на ова.

Ве молам, ова како појава треба да се разгледува во глобален аспект. И во овој правец треба да имаме поинаков пристап, поригорозен пристап. Треба да направиме анализи, оваа Влада што ќе дојде на чело со г-динот Бучковски, мислам дека ќе има материјал и искуство од она што се случило досега, што се однесува до оваа појава. Но, пред се, она што го реков на почетокот, ќе повторам дека ние самите треба да се ослободиме од еден наш стремеж, фатален стремеж, би го нарекол и трагичен. Кај нас функциите се земаат заради себе си, за доброто на себе си, а не во интерес на граѓаните. Бидејќи граѓаните им го дадоа својот глас . Граѓаните му ја обезбедија таа плата. Ние добивме гласови и од оние кои што не обезбедиле ни залаг, дали е тоа пратеник, дали е тоа министер или хикс личност. Освен платата се обидува и со други форми да дојде до некоја неправична, незаконска привилегија и богатство. Во ова не може да постигне успех само Владата. Ние во нашите дебати често сме и самокритични. Македонија има два милиони, знаеме кој што направил, знаме кој со што се занимавал, кој како е збогатен, дејствувајќи во ова што го нарекуваме денес корупција. Ве молам, имаме податоци ки што ги добиваме од обичните граѓани.Значи се собира арач од една категорија на луѓе, кои што се на власт. Дај ќе ти ја завршам оваа работа, но за тоа треба да платите. Овој човек нема обезбедено ни своја егсистенција, можеби е социјална категорија, но заради завршување на некоја работа од администрацијата, тој е приморен да даде некоја симболична сума на пари, за да му биде завршена таа работа. Овие работи ни се случуваат. Мислам дека новиот мандатар треба да има

многу јасна политика и целиот кабинет ќе искаже една сериозност во оваа насока, без оглед што јас сум убеден дека на оваа појава не може да и се стави конечно стоп и да се избрише, но барем да дојде до некој минимум, да не се рефлектира негативно, да не биде појава со која што се занимаваат и меѓународните фактори дека во Македонија постои корупција. Мислам дека нашите институции знаат за ова и дека во Македонија и институциите ќе се занимаваат со овие проблеми. Мислам дека г-дин Бучковски ќе искаже во оваа насока еден многу посериозен пристап и оптимис сум дека ќе има резултати и зошто да не речам идната Влада во овој состав доколку делува како едно тело и според правила, а треба да постојат правила, без друго секој треба да се прилагодува кон овие правила и убеден сум дека ќе има резултати, опфаќајќи ги тука и сугестиите дека сите министри би сакал во еден краток период да се екипираат и да имаат околу себе експерти, да не патат од незнам какви комплекси. Ние сите како кабинет, како министри, како функционери, значи имаме пет мина министри, во овој случај ќе имаме нов заменик премиер, кој што ќе биде одговорен за економијата и мислам дека Фатмир Бесими ќе се докаже како министер за економија и сите да создадат една добра екипа, бидејќи економијата, експерти од економијата што можат да направат, не можат да направат ни филозофите, ни политичарите. Политичарите знаат да зборуваат и тоа големи и мали зборови, но јас мислам дека се многу лаички во некои работи, но треба да им дадеме предност на економистите, на експертите, да им создадеме услови, тие да работат независно, но сакам да ви кажам и мислам дека треба да соработуваат со пратениците, бидејќи без гласот на пратениците тие не можат да поминат. Соработката со партениците ја збогатува нивната конструктивна работа, придонесува во резултатите на министрите, а не пратениците да одат кај министрите за некои работи, да речеме за царина, дека некоја стока му е запленета на границата, бидејќи се занимава со некој бизнис. Значи работата на пратениците е во интерес на граѓаните. Има навистина голем број на прашања кои треба да се решаваат и се блокираат тие работи и имаат право граѓаните да им се обраќаат на пратениците а пратениците за тие прашања да им се обратат на министрите.

Господа министри, на чело со мандатарот би сугерирал соработката да ја одржувате со пратениците и тоа на многу подобро ниво како од позицијата, така и од опозицијата, треба да имаме предвид еден факт, дека сите сме претставници на граѓаните, сите ги браниме интересите на граѓаните, тие нормално ги бранат на поинаков начин. Во случајот опозицијата е во поинаква ситуација,а ние во позицијата

сме во поинаква ситуација, ние треба да соработуваме со вас, заради функционирањето на она што се нарекува конструктивна политика, конструктивна работа на сите министри, ние треба да соработуваме и да имаме информации на нивото што ние потребно.

Уште еднаш, да не ви одземам многу време, бев предолг. Посакувам оваа Влада да биде Влада на пресврти за доброто на граѓаните, да биде Влада, која што започнува нов економски развој и да биде Влада која што да не биде само на ветувања, туку на реализирање, а реализирањето може да биде само во рамките на една прагматична политика, а не некоја голема политика. Ќе завршам. Народот многу малку ќе верува на нашите зборови. Да направиме еден пресврт, оваа Влада заедо со нас, со сите 120 пратеници, не само од коалицијата, на Македонија, на граѓаните да им оставиме впечаток и да бидат убедени дека навистина е еден нов почеток и ќе има резултати. Ова можеме да го направиме, а ќе треба многу сериозно да работиме и да имаме многу поголема одговорност, околу тоа што знаејќи дека некој ни го дава гласот. Значи, оваа Влада ќе го добие мандатот и од сето ова што го реков во иднина можеби во иднина ќе имаме причина да зборуваме за некои други прашања, за подобри ситуации, не јас да го речам тоа, туку тоа да го речат граѓаните на Република Македонија. Кога ќе се види и таму тоа, ние многу лесно ќе зборуваме. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара реплика. (Никој)

Јас само сакам да ги информирам пратениците за договорот вчера што го објавив ние околу 12,45 часот, ќе прекинеме со расправата и ќе почнеме во третата фаза, каде што секоја пратеничка група, претставник од оние што ќе се пријават да се изјаснат.

Имаме уште 3 дискутанти и ако може да бидеме поефикасни, пократки.

Повелете г-дине Илјаз Халими, а нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Жалам што мандатарот не е присутен, но коклу што гледам не е ни двотретинското мнозинство од кандидатите за министри. Бидејќи мислам дека е една значајна седница, каде верувам по еден ипол час и ќе се гласа за новата Влада, па значајно е овие кандидати кои се предложени за министри да ги

сослушаат пратениците и забелешките по однос на работата на досегашната Влада, бидејќи сигурно ќе им бидат од полза за нивната наредна работа, без оглед на тоа дека јас сум против за оваа нова Влада.

Анализирајќи го експозето на мандатарот за формирањето на новата Влада, се гледа јасно дека по содржината воопшто не се разликува од експозеата на бившите премиери на оваа владина коалиција. Не е воопшто значајно што е напишано во тоа експозе, бидејќи сето ова е една игра со убаво искажани зборови, бидејќи така се маскира работата која се врши позади некои завеси. Проблемот е во тоа дека било кој да се избее од ова Влада, претходно се знае дека тие ќе продолжат со досегашната практика на нивнто дејствување и како такви Македонија ја донесоа во оваа тешка економска состојба, социјална, политичка и друга состојба.

Значајно е да се нагласи и фактот дека како оваа Влада му пристапува на начинот на менанџирањето на институциите на оваа држава и остварувањето на Охридскиот рамковен договор.

Во експозето на г-динот Бучковски, покрај другото, тој се нафаќа дека ќе ги преземе сите мерки и активности да ги исполнат обврските и првата кои произлегуваат од Уставот и Охридскиот Рамковен договор. Со ова се подразбира процесот на децентрализација, пропорционалнаа застапеност, употребата на јазикот, симболите итн.

Тој исто така, изјави дека ќе преземе се, да направи реформи во правосудниот систем, справувањето со организираниот криминал и корупцијата. Понатаму, реформите во економијата, намалувањето на невработеноста, сиромаштијата итн.

Доколку ги анализираме сите овие ветувања и тоа што се заложи мандатарот, ќе видиме дека во суштина се однесува со еден неизменет речник од неговите претходни колеги. Ниту еден од овие што ветија не постигнаа ништо да направат од она што ветија. Значи, и во овој случај се оди кон констатацијата дека повеќе и е дадено значење на формата, откоку на суштинаа. Мандатарот на место да ги објасни насоките на ангажирањето на една ефикасна и правична децентрализација, напротив, тој сето ова го врши соврשно, со една брзина, непокажувајќи никакви сериозни знаци за една реална и ефикасна децентрализација, што ќе овозможи на граѓаните за реализирање на нивните права во рамките на локална самоуправа. Ова значи дека е и последица на донесените закони и тоа законот за финансирање на локалната самоуправа, Законот за територијална организација на Македонија, Законот на градот Скопје и многу други закони.

Јас не сакам да говорорам поединечно за овие закони, бидејќи е расправано доста на претходните седници на парламентот, додека овие закони се донесоа. Но, јас сакам да го нагласам фактот дека и оваа Влада ќе продолжи да брои на место, како последица на конфузните закони кои се далеку од согласувањето со нашата реалност. Како што ни е познато за сите овие закони имаше многу реакции од невладини организации и политички партии, со што многу се тензионираа меѓуетничките односи и така кревки. Ова доаѓа како резултат на тајното работење на Владата и напротив, залагањето дека Владата ќе работи јавно, транспарентно и дека нема да има скриени тајни договори. За несреќа 40 дена или колку траеја преговорите помеѓу коалиционите партнери за пакетот на закони за децентрализација, ова не може да се квалификува поинаку, туку како нетранспарентни разговори и преговори, кои резултираа со таен договор.

Досегашната Влада со овие тајни договори, го прекрши принципот на одлучување со консензус помеѓу партиите потписници на Охридскиот договор, што претходно за многу закони се договараа, посебно како што е случајот со времето на постоењето на широката коалиција. Знам дека позицијата ја обвинува опозицијата, бидејќи таа не е кооперативна со Владата за прашања од национален и витален карактер. Во состојба кога партнерите на владината коалиција се договараа за донесување на закони и тоа разни закони од знажаен национален карактер, но не земајќи го предвид Уставот или Охридскиот договор за тесно партиските интереси, тие секако дека не можат да и се наложат на опозицијата само да каже амин на проектите кои се нудат. Една работа треба да ви биде јасна дека секоја активност која што ја преземате, ја донесувате и за истата сакате поддршка од стрна на опозицијата, тогаш претходно треба да се консултирате и со опозицијата. Значи да се праша, заедно да се усогласат ставовите.

Во врска со соодветната и правичната застапеност за која се говореше досега од моите колеги, јас ќе се потрудам да не го повторам тоа што се искажа, а што е една уставна обврска за жал, нема позитивни поместувања. Застапеноста на Албанците, забележува пад, а не подем и што е уште полошо, се исклучуваат албанските кадри, кои се влучија благодарение на ДПА кога беше на власт и се заменуваат или со Албанци, кадар на ДУИ. За жал, постои еден партиски реваншизам последниве денови кога имавме можност да слушнеме дека Муса Џафери е заменик премиер. Од 80 администратори пријавени на конкурсот, без никакви критериуми ги елиминира 40 од нив. Така се случува во секоја институција.

Во таа кампања не се вклучени само разни службеници или раководни албански кадри, туку за жал и обични работници, кои се борат за корка леб. Колку за илустрација да го спомнам случајот во Хидроцентралата Маврово се отпуштија 6 албанци со статус редовен работен однос. Шест Албанци исто тка се отпуштија од Термоелектраната Осломеј. Одлука за отпуштање од работа добија 20 Албанци, иако процентот на Албанците вработени е многу симболичен, само 7%. Вакви појави имаме и со претпријатието за станбен и деловен простор, каде се отпуштија неколку десетици работници Албанци. Такви случаи има и во други претпријатија.

Кога сме кај употребата на јазиците, треба да знае секој граѓанин во Република Македонија и посебно оваа Влада дека со Уставот на Република Македонија службени јазици се два јазика, македонскиот јазик и албанскиот јазик. За несреќа, иако албанскиот јазик е службен јазик, тоа не се спроведува во практиката колку што треба. Тоа постојано се игнорира и се донесува во рамките на ограничено негово употребување. Пратениците Албанци покрај тоа што можат дај го употребуваат албанскиот јазик во нивните дебати на седниците и на комисиите никаде на друго место не можат да го говорат нивниот јазик.

Понатаму, тогаш кога раководат со седниците на парламентарните комисии, значи, албанскиот јазик во Парламентот е во употреба толку колку што може секој друг јазик кој ќе го употребува некој странски дипломат, доколку се обрати до овој Парламент.

Во многуте закони кои се донесени не можеме да наидеме на елементи од Охридскиот договор кои се однесуваат на употребата на албанскиот јазик. Таков е случајот со јазикот за обезбедување во сообраќајот, не е предвидено да се даде на албански јазик. Така и во Законот за политичките партии каде се исклучува употребата на албанскиот јазик.

Албанскиот јазик не се употребува ни во организирањето на годишнините и разни манифестации од државен карактер. Овде треба да се спомнат манифестациите за одбележување на годишнините на Илинден и 60-годишнината од АСНОМ каде одборите за организирање на овие годишнини, имајќи во предвид дека еден од пропагандните материјали треба да биде на албански јазик, најмалку поканите на албански јазик.

Понатаму, годишнината на Мајка Тереза беше само на македонски јазик. За да апсурдот биде уште поголем, еден единствен збор на поздравниот говор на

албански јазик предизвика реакции, иако станувaше збор за една манифестација посветена на една албанска хуманистка.

Сите фактури кои се даваат во разни институции, трговски организации, услужни организации се исклучиво на македонски јазик. И фактурата за еден чај или кафе во некое претпријатие од државен карактер се дава на македонски јазик. Оваа појава се случува речиси сто проценти во средини каде сто проценти се албанци, како на пример на Попова Шапка која припаѓа на општина Шипковица со сто процентно албанско население.

Во врска со еднојазичните фискални сметки реагираа и претседателите на општинските заедници во Тетово иако се обратија на министерот за финансии за да разберат зошто се даваат само на еден јазик, за жал, одговорот на министерот се дава само на македонски јазик  наспроти фактот дека тој има уставна обврска на странката да и се обрати покрај македонскиот и на албански јазик. Зборувам за албанците, бидејќи албанскиот е службен јазик.

Мандатарот се заложи дека законските и уставни обврски нема да дозволи да останат само на хартија, но за жал, досегашната пракса го докажа спротивното. Иако поминаа две и повеќе години донесен е Закон за обезбедување на комуникацијата каде се предвидува сигнализирање на магистралните и регионалните патишта кои поминуваат во населените места со најмалку 20% на еден етникум да биде и на јазикот на тоа население, но ова не се спроведе.

Поминаа две години откако е донесен Законот за лични карти, Извод на родени, но, за жал, до ден денес не се почитува правото на употребата на јазикот, туку има шареноликост по однос на ова прашање.

За непочитување на спроведувањето на овие закони сеуште не е земен на одговорност никој.

Кога сме кај реформите во судството, ова е една од послабите точки на оваа Влада. Реформите чекорат толку споро речиси не се забележуваат воопшто. Продолжува со мито, корупција, неефикасност во работењето, неажурирање на предметите и уште полошо, продолжува партизирањето и политизирањето на оваа установа. Неслужбено, Меѓународната заедница  во неколку случаи го нагласи фактот дека во Македонија не функционира правната држава и дека  на топ листа на корупцијата се токму судовите.

Пред две недли се расипа тендер кој се финансираше од странски донатори за реформи во судството, но токму поради фактот што тој тендер мирисаше на корупција не успеа.

Не е доволно да се донесат само закони велејќи дека се во согласност со законодавството на ЕУ, туку тие треба да најдат практична примена.

Судството во многу случаи има селективен пристап имајќи за основа партиска припадност и етничка припадност.

Во однос на борбата против организираниот криминал и корупцијата продолжува истата состојба како во Владата на Црвенковски, Костов изгледа ќе продолжи и понатаму. Јас немам никакви дилеми по однос на ова прашање.

Во Министерството за внатрешни работи доаѓа нов човек што најмалку одговара за овој ресор, кој треба да се соочи со тешки злосторства, нерасветлени. Тој до пред малку беше тука, но ја напушти салата, верувам дека случаите кои ќе ги спомнам ќе може преку стенограмот да ги добие и еден по еден да ги анализира и да пристапи на решавањето на овие случаи.

Ќе спомнам неколку од случаевите кои се случија во текот на последните шест месеци. Случаи кои говорат за недостаток на ефикасност на досегашната Влада.

Само две недели по формирањето на Владата на господинот Костов, сигурно знаете дека се убива советникот на ДПА Ибиш Красниќи, сторителот иако е познат на полицијата, тој се наоѓа во бегство.

За убиството на т+аксистот од Грчец - Сарај Неџат Бајрами сеуште убиецот не е откриен. Овие треба министрите за одбрана и внатрешни да ги забележат, бидејќи по два-три месеци ќе се соочиме со овие работи.

На 9 јуни 2004 година физички се напаѓаат двајца полицајци во команда каде им се одзема оружјето, сторителите сеуште не се знаат.

На 22 јуни во Автокоманда брутално беа истепани граѓани на Арачиново од полицајци цивили, но ден денес тие не се земени на одговорност.

На 9 јуни 2004 година 30 полицајци беа испратени во куќата на Џерџ Лимани во Кичево за да се уапси под претпоставка дека поседувал оружје. Освен бруталноста од полицијата и траумите од страна на полицијата, оружје не беше пронајдено. Никој во врска со оваа акција не беше земен на одговорност.

Во септември беше нападната една полициска патрола во една населба во Скопје од кои двајца беа во тешка здравствена состојба. Сторителите сеуште не се познати.

На 22 септември бившиот командант на специјалнате единица Митко брутално ги претепа младите, но сторителот сеуште не одговарал за овој случај на претепувањето.

На 22 септември беше убиен Зекирија Бакиу пред неговата куќа, сторителот сеуште не е познат.

На почетокот на септември брутално беше истепан Кастриот Ајети од Куманово од млади македонци, сторителите се познати, но сеуште не е преземено ништо, бидејќи тие се деца на некој инспектор од македонската безбедност.

На 28 септември беше убиен Ибиш Абдулаху во Сингелиќ - Скопје, убиецот не е откриен.

На крајот на септември (името непознато за стенограф) беше убиен пред неговата куќа во Тетово, сторителот не е пронајден.

Од страна на македонската полиција беа претепани неколку албанци Цури Рашити под претпоставка дека тие еден ден претходно повредиле еден таксист. Кон сторителите не е направена никаква реакција.

На 15 ноември беше убиен Агим Бектеши во непознати услови од македонската тајна служба, а од овој случај можеа да загинат поголем број невини луѓе.

За да не одиме вака по ред, бидејќи толку беа чести, тешко беше да се води евиденција, но можам да кажам дека покрај овие случаи како потешки кои ги спомнав имаше стотици ограбувања на пошти, менувачници, банки, куќи и како по обичај сторителите се непознати, не се откриени.

Во текот на 2003 година, според некои податоци, насилството, крадењето е зголемено за 20%, но во ниту еден случај не е откриен сторителот.

Во Тетово во последните три месеци се случени 317 криминални акти.

Дами и господа, за жал, мандатарот во неговото експозе на страна го остави ангажирањето во однос на зголемувањето на довербата меѓу граѓаните на разни етнички заедници. По се изгледа дека нему не му остава впечаток фактот дека оваа работа е оставена на страна и до сега. Јас ќе спомнам неколку случаеви. Во последните шест месеци говорат колку негативно рефлектираат во меѓуетничките односи. Како илустрација ќе започнам од почетокот на формирањето на Владата на господинот Костов, немаше 10 дена, кога во Битола во Основното училиште “Гоце Делчев” навлезе група хулигани во одделение каде учеле албанци и на нечовечки

начин ги претепале децата. Сторителите исчезнаа и до ден денес немаме никаков извештај што се случило со тој случај.

Друг апсурден случај Албанец полицаец од Слатино се отстранува од работа бидејќи во текот на возењето на возилото слушал албанска музика во присуство на колеги македонци. Тие го пријавиле и така биле преземени мерки со отстранување од службата.

Исто така таблата со натпис Јегуновце се отстранува, веројатно македонското мнозинство го иритирала таа табла на албански јазик, па е отстранета, не постои веќе. Вакви случаи има многу кои ги отежнуваат меѓуетничките односи. Треба да се спомнат и забраните на албанците новинари на границата кои биле чувани повеќе од два часа без никакво образложение, а тие биле тргнати за да ја следат посетата на  премиерот на Албанија на Македонија.

Без преседан е и случајот што се случил со брачната двојка Лиле на која им беше забрането пет години да влезат во Македонија без никакво образложение од страна на МВР. Ова е направено намерно само заради тоа  дека тие работеле во Кабинетот на претседателот на ДПА, господинот Арбен Џафери.

Овие случаи за кои е одговорна Владата се во спротивност со нејзините стремежи декларирани  за слободно движење на луѓе, идеи, капитал.

Дека недостасува ангажирање на Владата во зголемувањето на довербата меѓу македонците и албанците говори најсвежиот случај со учениците од Средното училиште "Нико Нестор" во Струга. Македонските ученици отворено одбиваат да учат со нивните соученици албанци.

Кога станува збор за корупцијата треба да се знае еднаш засекогаш дека корените се длабоко во Владата. И овој владин  состав не може да биде успешен  во борбата против економскиот криминал и корупцијата се додека не се  избори во своите сопствени редови. Во повеќето случаи во врска со корупцијата  се поврзуваат со личности кои припаѓаат на позицијата. Владата покажа дека ова го прави врз база на партиско селекционирање. Значи, следени се опозиционерите. Само со обвинението против Љубомир Поповски, поранешниот секретар во Министерството за одбрана и поранешниот секретар на СДСМ за корупција, во која се сомневам, оставајќи впечаток дека Владата кобајаги почнала да се бори против корупцијата и тоа првенствено во своите редови, но тоа не може да ме убеди.

Денеска мандатарот на својата листа има предложено нови имиња и стари имиња на кандидати за министри. Меѓу нив има и такви на кои се покажувало со прст и се повикувале на разговор кај Обвинителот.

Доволно е да ве потсетам на аферите кои беа спомнати од неколку министри од страна на Владата во оставка до склучување на договори во четири очи. Дали ова не значи дека изворот на корупцијата е токму во Владата. Ваков е случајот со обвинението против министерот за транспорт и верски, но во исто време овој министер му врати одговор на поранешниот премиер со тоа што му даде на знаење, еве ќе цитирам што рекол: “ доколку се гледа кој министер што продал, се разбира во четири очи, не само земјиште, туку и објекти, ќе видите и ќе се разочарате дека јас многу малку сум направил во споредба со другите”. Значи, тој малку направил, а другите повеќе направиле и гледајќи дека другите направиле многу ајде да не биде без ич и тој да направи нешто во таа насока.

Како и да е ова е работа на судовите, на органите за што некој ќе одговара или тие што ги обвинува Хари Костов или самиот Хари Костов. Значи, овде нема да има случајност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви истекуваат минутите.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Ќе завршам.

За економските реформи во државата воопшто не остана простор да се зборува. Значи, реформи нема.

Господинот мандатар во своето експозе вели дека улогата на државата е во создавање на услови за економски развој кои ќе влијаат врз намалување на невработеноста и тешката социјална состојба. Јас не гледам дека има нешто конкретно во оваа насока. Се знае дека нема инвестиции ниту од Буџетот ниту од странство. Ова се случува од причина што нема политичка безбедност. Во една ваква ситуација кога нема политичка безбедност не можеме да очекуваме некој да го рескира својот капитал. Дека економијата е во колапс говорат и податоците кои се во однос со изворот, во коренот на индустрискиот производ. Само во една година е паднат на 8,8% или општо 19% е опаднат. Цените на многу производи се зголемени 100% додека приходите на вработените се во рамките на статус кво.

Сето ова се одразува на општата состојба на населението. Се зголемува невработеноста, сиромаштијата, стандардот постојано опаѓа. Со други зборови се создава тешка состојба, голема несигурност која никогаш порано не постоела.

За сето ова што го кажав во ова мое јавување нудејќи факти и аргументи одговорен не може да биде никој друг освен актуелната власт, Влада, оваа владина коалиција која знаеше да манипулира со гласот на граѓаните ветувајќи добросостојба и сигурна безбедност за нив. Меѓутоа, за жал, како граѓаните и ние сме измамени со работата и јаловата политика на оваа Влада. Едноставно оваа Влада покажува дека не знае и не може да менаџира и управува со државните институции.

Затоа сосема на крај на линија на барањата на граѓаните и виталните интереси на државата јас барам да се отстрани оваа листа на предлогот на мандатарот и да се создадат услови за нови парламентарни услови каде во владеењето на оваа држава ќе дојдат тие кои легитимно ќе победат од страна на гласачите со нивната визија за извлекување на државата од оваа лоша состојба.

Во оваа прилика ќе повторам уште еднаш, ова е единствената прилика на Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Халими.

Сега, преминуваме на третиот дел од нашиот договор, завршен збор на некои од претставниците од пратеничките групи.

Прва е госпоѓа Ганка Самоиловска-Цветанова.

Повелете, имате 15 минути, така е договорено времето. Времето можете да го видите лево овде, да не ве прекинувам.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, почитувани кандидати за министри во Владата на Република Македонија,

Велат “Тимот што победува не се менува”. За жал, од последните парламентарни избори во 2002 година кога коалицијата “За Македонија” ја доби довербата и мандатот од граѓаните, па се до денес се сменија неколку тима, односно неколку влади и неколку премиери. Очигледно, владеачката коалиција во изминативе две години не успеа да го најде и пронајде победничкиот тим. И затоа

невозможна е издржана и квалитетна опсервација на програмата и персоналните решенија на мандатарот Бучковски, ако најнапред не се осврнеме на прашањето околу морално-политичкиот кредибилитет на парламентарното мнозинство и воопшто на партите од владеачката коалиција и нивниот генерален дискурс на владеење во Република Македонија.

Одговорот на наведеното прашање суштински ќе го детерминира и политичкиот и демократскиот капацитет на старо-новата влада, која што денес треба да биде избрана од овој Парламент.

Уште веднаш да истакнам дека, имајќи го предвид односот на силите во Собранието, како и моделот на политичко расудување и поведение на пратениците од владеачките партии, тука пред се мислам демократските механизми за партиско дисциплинирање кои мошне брутално беа демонстрирани во случајот на пројавената непослушност од страна на колешката Поповска, немам никакви дилеми дека мандатарот ќе ја добие безрезервната поддршка. Но, сепак сметам дека прашањето за политичкиот легитимитет на актуелната владеачка елита не смее да остане нечепната во оваа собраниска расправа. Потребата, пред се, произлегува од објективната анализа на резултатите од неодамна спроведениот референдум. Бидејќи и покрај недостигнатиот формално-правен цензус за суспензија на оспорениот закон, нотирен и несоборлив е фактот дека излезениот број на гласачи, значи еклатантна делегитимација на постојната власт и тоа од две основни причини.

Првата причина: Ако од една страна имавме законски проект зад кој што целосно, со целиот свој политички и морален капитал, застана целокупната владеачка структура, а од друга страна имаме толку голем процент од македонските граѓани, кои и покрај сите притисоци недвосмислено излегоа на гласање и застанаа против круцијалниот политички проект на постојната власт, тогаш може да заклучиме дека апсолутно депласирани се сите сомнежи околу нејзината јасна делигитимираност според принципите на елементарната демократска логика.

Втората причина: Затоа што неспорен е фактот дека голем дел од излезените граѓани на споменатиот референдум, истиот не го доживуваа само како форма преку која што ќе го изразат своето несогласување со содржината на Законот кој што беше предмет на референдумско изјаснување, туку и како можност за артикулација на незадоволстгвото од генералната политика на Социјалдемократските сојуз и нејзините партнери во власта.

Или, поконкретно кажано, масовниот одзив на референдумот беше ерупција на акумулираниот гнев на македониските граѓани од политиката на левиот политички естаблишмент.

Кога веќе го спомнувам левиот политички естаблишмент, дозволете ми да направам една мала дигресија. Имајќи го предвид едно од предложените персонални решенија на мандатарот Бучковски од редот на вицепремиерите, не можам а да не ја констатирам исправноста на изјавата на господинот Тито Петковски кој, по изборот на новиот лидер на СДСМ кажа дека оваа партија го напушта курсот на лево ориентирана и се повеќе наликува на десничарска.

Но, да се вратам на поврзноста на референдумското изјаснување и делегитимираноста на постојната власт.

Референдумскиот резултат претставува неизбежен прашалник за морално-политичкиот кредибилитет на структурата која што денеска ќе им ја даде довербата на своите старо-нови репрезенти во извршната власт, односно на мандатарот Бучковски и неговите избраници.

Од фактот за изгубениот граѓански кредит на сегашната владеачка структура, од која што произлегува новиот владин кабинет, за мене станува апсолутно депласирана каква и да е посеопфатна дискусија по однос на персоналниот состав и програмата на предложената влада. Едноставно, нејзината делегитимираност е нејзиниот непремостлив хендикеп, што ја прави недемократска, бидејќи не владее во името на граѓаните односно не ја изразува нивната волја.

Ако референдумските резултати се најсилниот мерлив и  проверлив доказ за дисктетитираноста на македонските конститутиенти на власта , односно на политичките партии од македонскиот политички блок, тогаш сигурно кондовскиот случај е најдобриот показател и за делегитимираноста на нивниот албански партнер во власта, односно ДУИ кои, се сеќавате, требаше да биде гарант за стабилноста и мирот во државата.

За се посериозната ерозија на политичкиот кредибилитет на ДУИ кај албанската етничка заедница говори и фактот за потребата од активно вклучување и партиципација на ДПА во амортизирањето на кондовскиот случај, кој има потенцијал сериозно да ескалира и овој случај ме тера да се навратам во 2001 година, во времето на вооружениот конфликт и да направам една паралела помеѓу улогата на ДПА и сегашните веќе функционери од ДУИ кои во тој период видоа можност за

реализација на одредени лични политички и други цели, при тоа, не бирајќи средства.

Владеачките СДСМ и ДУИ и понатаму остануваат доследни на својата безкрупулозна днево-политичка инструментализација на меѓуетничките односи. Свесното продуцирање на проблеми во оваа сфера е со една единствена цел - одвлекување на вниманието на јавноста од се поинтензивната духовна, демократска и економска рецесија и немањето капацитет за справување со неа. Но, и заради меѓународно денунцирање на опозицијата како генератор на конфликти и нестабилност.

Би проговорила и за уште една политичка манипулација на владеачката структура, а тоа се гласините  за декларативни заложби за нивната компатибилност со курентните меѓународни тенденции и вредности на современата западна демократија. Но, и во овој сегмент се останува само и само на рамниште на декларации.

За жал, евидентен е нашиот застој како во евроатланските и интегративни процеси, така и во доменот на практичната имплементација на споменатите политички и цивилизациски вредности.

Полноправното членство на Република Македонија во евроатласнките структури го посочувате како врвен приоритет од национален интерес за државата. Но, да не заборавиме на критериумите што треба да ги исполниме за наше членство во Европската унија и НАТО, критериуми за кои многу често високите претставници на евроатланските структури не потсетуваат како во Брисел, така и при нивните официјални посети во нашата држава. Тоа се: стабилни институции во системот, реформи во судството, намалување на невработеноста и борба против корупцијата и организираниот криминал.

Претходниот премиер господинот Хари Костов ја даде својата оставка со образложение дека министрите во Владата се корумпирани, истовремено јавно признавајќи дека доказите за нивната корумпираност ги добил по пат на прислушкување. Од оваа говорница го прашувам мандатарот Бучковски што ќе преземе за спречување на корупцијата во највисоките редови на извршната власт и како ќе реагира на јавното признание за прислушкување од страна на неговиот претходник, имајќи во предвид дека станува збор за злоупотреба на службена должност?

Истовремено се прашувам дали ваквиот метод за прислушкување наместо да биде применет за прислушкување на сопствените министри во пицерии и ресторани требаше можеби да биде применет во кондовскиот случај, како благовремено би ги детектирале и би ги санирале состојбите во Кондово, со што Владата немаше да дозволи овој случај да ескалира до овој степен. И, се прашувам, доколку еден премиер во една влада си ги прислушкува министрите од сопствената влада и коалицискиот партнер, тогаш што останува за членовите на опозицијата?

Имајќи го предвид досегашниот политички ангажман на премиерот и министрите на новата влада, но и сите случувања од моментот од добивањето на мандатот па се до доставувањето на предлогот, со стопостотна сигурност можам да констатирам дека станува збор за уште една персонална метаморфоза на моделот на практицирање на власта за која што досега зборував. И затоа, не чувствувам потреба да се произнесам поконкретно по однос на политичките и реформски перформанси на понудениот предлог или пак да ги антиципирам ефектите од нивното работење.

И на крајот, во контекст на тоа што го кажаа претседателот на Социјалдемократскиот сојуз и потпретседателот на Владата на Република Македонија госпоѓицата Шеќеринска непосредно по изборот на новиот лидер на СДСМ дека ова е најбрзиот пат до пеколот, мене единствено ми останува да кажам дека се надевам, искрено се надевам дека ова ќе биде последната македонска влада, произлезена од структура во чија што ментална и политичка матрица безкрупулозниот популизам ги истиснал и волјата и вербата и креативноста и моралот.

Ви благодарам на вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Чашуле, вашите 15 минути.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитуван господин претседател, почиуван господине мандатар, колеги министри, драги пријатели пратеници, пратенички, претставници на печатот и медиумите,

Дозволете ми најнапред да им се заблагодарам на колегите кои ми ја дадоа оваа, навистина комплексна задача во збиено, згуснато време да се обидам да направам рекапитулација на сето она што беше кажано денеска. И, навистина,

верувајте ми, без оглед на тоа дали човек со сите нијанси ќе се согласи или не, тоа е прашање што ќе одземе многу повеќе време.

Затоа би сакал да се сконцентрирам на генераторите кои ги предизвикуваат аномалиите на кои опозицијата со свој критички настап во овие неколку дена истапи.

Прво, сакам една забелешка, до нас самите ,да изнесам, ако ми дозволите.

Ние, на невидено, значи за состав на нова влада со нов мандатар, неограничено зборуваме, на невидено, бидејќи допрва треба да ги видиме перформансите и се осврнуваме врз ветувањата и можностите тие ветувања да се остварат. Но, кога ќе дојде момент неостварените ветувања да се евалуираат, грешките да се санкционираат со највисокиот инструмент во демократијата, а тоа е интерпелацијата, ограничени сме само на еден ден и во тоа згуснато време не успеваме да кажеме ништо иако, длабоко сум убеден во таквите ситуации, аргументацијата е многу побогата, аргументацијата е многу поиздржана.

Земајќи го ова сега како ограда, дозволете ми да се осврнам на двата системски генератори од кои оваа влада во својот старт страда и која најверојатно ќе ја доведе во ситуација почесто да биде преиспитувана од нас, од опозицијата.

Првото е што во време на предизвици, а предизвици ќе има и дома и во нашето непосредно опкружување ние, сепак, добиваме влада на компромиси, а ни е потребна влада на решенија. Компромисот произлегува од фактот што и претходната влада падна неумеејќи да го изведе, падна давајќи сопствена оставка, да го изведе нужното хармонизирање на нејзините состојќи околу прецисна програма. Никој, никогаш до сега, барем според нивното кажување, а и наше сведочење, заедничката програма што треба да биде вистинска санациона програма за Република Македонија, не доаѓа во прв план заради тоа што е  постојано, оправдано или не, контаминирана со дополнителни барања што на Владата и на тој многу комплексен тим, предводен од премиерот, и го одземе драгоценото време кое Македонија го нема. Мене ме радува што мандаторот вели дека наши крупни цели се членството во НАТО и во Европската унија. Да, тие се цели. Не се предисвици. Предизвиците се тие што стојат меѓу нас и овие две цели. Едниот од нив е отстуството на концепт на оваа страна на политичкото милје, лево од центарот, како таа работа да ја изведе и морам да признам дека многу често констелацијата десно од центарот не успеваше да ги најде параметрите за таа своја заедничка платформа за дејствување.

Прво, предизвик број 1 што мора консеквентно, без оглед на политичките нијанси по кои се разликуваме, без оглед на несогласувањата што би постоеле меѓу чинителите на коалицијата, ние мораме бедата да ја отстраниме од нашето општество. Мандатарот, во првата своја реченица, го кажа тоа. Меѓутоа, дали ќе можеме и дали ќе најде оваа коалиција сили да се сконцентрира на отстранување на бедата, на отстранување на контејнерот во кој нема етнички разлики, во кој нема рамковен договор, пред кој сме сите еднакви, бидејќи тој, за 400.000 наши жители е стварност, дали е тука поважно да градиме балансирачки механизми на компромисот или конкретни решенија што ќе не извадат, бидејќи со таква стагнација не се влегува ниту во НАТО ниту во Европа, бидејќи за во НАТО сиромаштијата генерира нестабилност а Европската унија е пред се елитен економски клуб на чинители кои се стремат во едно заедничко милје, на еден заеднички пазар да остваруваат иднина, да остваруваат добробит за своите граѓани.

Ние мора да исчекориме од овој предизвик за да можеме да ја оствариме целта.

Втор предизвик: Реформа на судството. Без заеднички прифатена, цврсто фундирана, во јасен политички договор и сопственост, платформа како на судовите и на судиите да им ја тргнеме власта и да станат навистина функција на власта во оваа наша држава поместена во ова наше општество, нема да влеземе ни во НАТО ни во Европската унија. Без длабински развојни реформи во стопанството ние премногу долго се занимаваме со структурни реформи. Без длабински развојни реформи во стопанството нема да воспоставиме хармонија во секојдневното живеење на нашите граѓани што ќе биде отскочната даска за хармонизација на нашите меѓуетнички односи, бидејќи стравот, сиромаштијата, бедата ќе ја елиминра од меѓусебните манипулации и ќе ја деконтаминира и законодавната и извршната власт од меѓузависноста што е втемелена врз уцена. Нам и денеска ни е многу повачно на кој јазик ќе гладуваме, со какви празници ќе го дочекуваме утрешниот ден во студ, во мрак, без телефони, без елементарните претпоставки за европски живот, а камоли за членство во Европската унија и во НАТО.

Значи господа, мора во ова време на наши предизвици, во ова време на регионални предизвици, овој Парламент да смогне сила, оваа коалиција која ја има сеуште оваа легитимна власт произлезена од деташираниот суверенитет на нашите граѓани во своите раце, мора да го стори тоа и да ја направи таа, еве наречете ја санациона програма на Република Македонија, да дојде овде и тогаш да очекувате од нас да

пристапиме кон една таква заедничка обврска која ќе ни помогне да ги елиминираме тие наши предизвици кои ни стојат пред остварувањето на овие стратешки, важни, крупни цели, без кои ако не ги оствариме Република Македонија ќе биде невозможна.

Вториот проблем е што ние како сиромашна држава и оваа концептуална разлика ќе елиминира дополнителни пробелми што неуспеваме да трошиме со потребата, да инвестираме од главниот работодавец, или од главниот инвеститор, Буџетот за да создаваме вредности за оние од кои што собираме даноци. Тоа, ако се сеќавате и во нашето воведно пледоаје беше кажано. Нас господа, ова ќе биде дополнителна тема, ако веќе седнеме да ја гледаме, да ја гледаме прогнозиранaта пресметка за функционирањето на нашата држава во идната година. Ние ќе мора да ја направиме, и оваа Влада. Тоа е нејзина работа. Да направиме договор како потребата од развој, која ќе создаде нови даночни обврзници и нови извори на приходи за даноци да го употребиме Буџетот. Во овој момент, вака како што стојат нештата, врз основа на едно или две препрочитувања на Буџетот амбициите кои на секој зрел граѓанин на оваа држава, без оглед на неговото определување му звучат оптимистички, му звучат милузливо, милозвучно, се неостварливи ако овој концепт, оваа концептуална разлика, оваа Влада не успее да ја хармонизира и да ја изведе да биде државните пари, она малку што го имаме, да има своја инвестициона т.е. своја развојна функција. Се надевам дека на тој начин ќе се работи во иднина.

Господа, Република Македонија мора со заеднички сили на сите да се избори владеењето на правото да биде на целата нејзина територија. Сето ова што ви го кажувам како потреба од платформа, потреба од договори со инструменти за остварување на целите паѓа во вода ако Владата која ќе ја изберете денеска не успее окупацијата на главниот град на Република Македонија да ја елиминира. Не е важно со какви цели. Добро би било мирно, луѓето кои сеејќи страв и терор, тормозираат граѓани на Република Македонија и жители на Скопје да се тргнат од тука. Убаво би било да одговараат пред судот заради тоа што така ќе докажеме дека во оваа држава владее правото. Ако не сакаат на таков начин тогаш оваа Влада треба да добие легитимитет од сите нас да го воведе онака како во Германија во Франција, во Италија, во Шпанија се воведува владеењето на правото, а тоа е со решително дејствување и разоружување на тие нелегитимни изблици на употребата на насилство за остварување на какви и да сакате цели. Нема цел која може да оправда ваков еден настан во една држава која претендира да генерира стабилност

и сигурност и да биде членка на НАТО и во една држава која претендира да генерира просперитет и да биде членка на Европската унија.

Значи сето ова што ви го зборувам паѓа во вода ако ова прашање не го решиме.

Господа за мене е навредливо мандаторот за состав на новата Влада на Косово да наредува на луѓе во мојата држава да си заминат.Наредбата треба да појде од овде. Од Владата што ќе ја избере овој дом и ако тоа не го направи заслужува да падне. Господата или да си одат, или да бидат разоружани, да бидат фатени, разоружани, процесуирани, судени и осудени. Па, ако смогнеме сила и за тоа да најдеме доволно политичка аргументација за амнестија и да ги амнестираме, но не никако пред тоа, бидејки на тој начин ќе се доведеме повторно во ситуација безпотребно да трошиме политичка енергија на решавањето на ваквите изблици кои се неприродни на демократијата, наместо да ја трошиме да изградиме заеднички концепт за политичка, економска, социјална, стратешка санација на Република Македонија.

Господине мандатар,

Кога ќе дојдете пред овој Парламент со еден таков документ бидете убедени дека групата пратеници што мене ме делегираше денеска со сета одговорност ќе застане и ќе се бори да се спроведе тој концепт, бидејки само ако ја консолидираме државата ќе има можност за натпревар меѓу позиција и опозиција меѓу различни идеологии. Се додека главната идеологија е да се биде на власт и се додека таа е инструментот кој обединува политички чинители за да можат во едно ниво да ги остварат своите социјални , на друго ниво своите етнички претензии за оваа држава нема иднина и за оваа држава ќе фингира на позиција и ќе фингира на опозиција.

Благодарам на трпението.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Стојан Андов имате 15 минути.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, господине мандатар, господа кандидати за министри, почитувани колеги,

Еве уште еднаш да ја презентирам нашата оценка и нашите ставови по повод Програмата и уводното излагање и предлогот на листата на членови на Владата што сега кај нас е на дневен ред.

И сега нема да одам во сите точки што навистина сеопфатно  ги зафати г-динот Бучковски, нема потреба, затоа што за нас  се многу важни две точки, само да елаборираме за да можеме да кажеме каков е нашиот став.

Прво,морам да кажам дека со надеж го очекувам завршувањето на овој ден не само заради тоа што ќе се избере Влада, туку заради тоа што е ветено  дека ќе заврши оваа драма во Кондово.

Кондово е премногу близу овде, Скопје и дава премногу опасни сигнали и за земјата и на земјата и за надвор. Затоа очекувам господата што преговараат деновиве таму успешно да ја завршат задачата што си ја земале и воопшто не ми смета што се тоа албанци, тие се македонски политичари. Тие се од партии кои добиле овде легитимитет, во Парламентот. Ние треба сосема природно да сватиме дека тие имаат и задача да идат таму, заради тоа што верувам дека веќе сватиле дека располагањето со нелегално оружје особено на поедини групи веќе не смееме да дозволиме да биде фактор на промоција на нови политички лидери. Ако тоа го дозволиме тоа истовремено ќе биде замрачување на лидерството на оние што го добиле со гласачките кутии и тоа ќе биде непрекидна линија на создавање групи кои тајно наоружани ќе произведуваат нови партии, со нови политички услови. Тоа е настрано за купување во земјата и на Рамковен договор и на секоја конструктивна идеа.  Затоа јас сакам да ви кажам дека се надевам дека и г-динот Ахмети и г-динот Џафери и г-динот Тачи денес ќе ја доврШат таа работа.

Добро беше да не дојдеше до таква група таму. Добро беше Владата да најдеше сили на првите сигнали од медиумите да им поверува и да го стори ова сега што набрзина го правиме. Меѓутоа, така не се случи. Основно е сега да се ликвидира инцидентот, случајот со Кондово, да нема вооружени групи, да се мавнат од државата, да не минат во други села и т.н. и т.н., а по мое мислење сето тоа да не дојде по пат на пролевање крв, бидејки верувајте колку и да сакаме тоа да го задржиме во Кондово ако падне крв таа ќе сака крв и тоа е едноставно сигнал дека треба таа практика да се применува во Република Македонија за разрешување на овие прашања.

Ако сакаме да го затвориме тоа треба денес да се затвори, ако успеале, и да не се повтори, а пак морам да кажам дека притисоците во смисла дека се завршени политичките можности да се заврши што побрзо тоа и дека треба што побрзо да се иде не треба да ги примиме така лесно ако навистина еве можеа и имаа и политички можности тоа да се разреши. Колку да не ни е пријатно сепак во Македонија уште

еден вооружен конфликт на меѓуетничка основа не може да заврши ако почне во Кондово и да заврши во Кондово. Затоа ние треба да знаеме дека тие се крајно опасни работи и да не дозволуваме вакви "Кондова" да ни се повторуваат. Пак ќе кажам, тие што дошле во Кондово ја имаат за цел дестабилизацијата во државата, но претходно ја имаат за цел политичката ликвидација на избраните албанци, наши македонци, политичари. Политичката маргинализација нивна.Тоа на секого да му биде јасно. Тие се кандидати на нови лидери затоа што мислат дека е можно со калашников, со зољи, со оси и незнам со што, и со ракети 7 метри или 5 метра долги се станува и лидер и така може да се води политичка партија и да се упадне во Влада и т.н. и т.н. Мора да се знае дека таа приказна е завршена со Рамковниот договор. Насилството мора да биде елеиминирано како фактор во политиката во Македонија. Ако тоа не го сториме сите приказни за влегување во НАТО, за влегување во Европска унија, за некакви си инвестиции е лук и вода. Тоа мора така да биде.

Под таква политика мора да се искреира програма за собирање на оружјето. Разоружување на населението заради тоа што тоа ќе биде поттикнувано, 3% ќе се најдат секогаш авантуристи кои ќе се борат против легалната власт и против државата и секогаш ќе сакаат да ги срушат тие што добиле доверба ваква или таква, оправдана или неоправдана и ќе промовираат перманентна граѓанска војна. Да не упаднеме во таквата солуција бараме Владата како приоритет да стави програма, меѓународно договорена и подржана за собирање на оружјето и распуштање за легитимирање на секоја можност, политички услови или политичка цел да може да се промовира со оружје или насилство.

Второ на кое сакам да укажам е тоа што Владата до сега, како што ни се презентирани документите, освен желбата на г-динот мандатар да направи пресврт во економијата нема ни еден доказ дека за тоа има намера и дека тоа ќе го стори. Затоа минатиот пат кога зборував кажував како тоа може да се направи. Сега ќе викажам уште неколку фактори.

Во Македонија сите слабости во економијата синтетички излегуваат од економските односи со странство. Таму се гледаат билансите. Имаме еден континуиран период на постојано зголемвување на трговскито дефицит. Трговскиот дефицит досега го покривавме од два извори. Едниот е од дознаките, од нашите граѓани кои работат и живеат во странство и тие се движеа, мислам некаде околу

600 милиони долари годишно, и од грантови, од лесни кредити, од некои донаторски конференции, други донации и т.н. и т.н.

Процесот на продлабочување на дефицитот, зголемувето на трговскиот дефицит ќе продолжи и се поголем ќе биде заради внатрешните структуирања. Потрошувачката во Македонија сакале или не ќе ни се поларизира. Се поголем е делот на учество на потрошувачка на еден тенок слој кој има поголеми, многу поголеми можности за потрошувачка. Тенок слој на население и онаа елементарна потреба, се поголем дел од населението што ја задоволува. Тие што со елементарните потреби се задоволуваат со домашните стоки (зеленчук, сирење, млеко, леб и т.н.), делот што е се поголем има насоки како ги троши парите или бара увоз на луксузна стока и ќе го продлабочува дефицитот, или ако тоа не му се даде да го добие овде ќе ги носи парите надвор, ќе ги изнесува, или ќе штеди во девизи кои банките ќе мораат надвор да ги изнесат, а ќе ги купува девизите на девизниот Пазар, низ менувачниците, зад кои мора системот да застане и така девизните резерви на Народната банка ќе се претворат во штедни влогови кои ќе одат надвор преку банките, а не се на располагање на стабилноста на државата. Тоа ќе се продлабочува.

Ако мисли некој да го исправи со флуктруирачки курс од 5 до 7% маргини и т.н. тоа ќе даде живот за 3 до 5 месеци на поедини фирми, а потоа ќе ја навјаса потрошувачката која е структурана како што велам овде и нејзиниот ефект нема да успее во таа операција, но ќе тргне инфлацијата. Нема да имаме резултат.

Единствен излез за Македонија, а крајно време е, тоа што го зборував минатиот пат сепак да обезбедиме многу поширока подршка од странство преку воведување на валутен борд. На никого влакно од главата нема да му падне за таа работа. Никој нема да изгуби престиж. Има многу држви што се послужија со тоа и успејаа. Тоа ние како намера не го гледаме никаде во владините концепти. Затоа ние не можеме да ја подржиме оваа влада. Не  затоа што мислиме дека на тоа посебно Владата  ќе падне, туку ќе ни се продлабочат противречностите,излезот од кризата многу ќе се отежни. Вие гледате дека ние за овие 11 години покрај отпишувањето на нашите долгови во странство, покрај сите тие олеснувања што ни ги дадоа долгот го зголемивме за 600 милиони долари, а една фабрика не направивме. Да не зборувам сега што ќе биде со локаната самоуправа и новите овластувања каде имаме еден нов систем. Ќе видиме каква е свеста на ниво на локална самоуправа. Сакам да ви кажам дека околу 100 фабрики приватни, нови и

мали работат само во Штип. Тие работат во стари простории, импровизирани простории, закупени простории, без сигурност. Од таму има и извоз.

Само две нови, приватни фабрики се направени во Штип. И двете имаат решеинја да се рушат.Кој ќе дојде да инвестира овде при такви услови. На постојани шиканирања се изложени луѓето. Според тоа, многу се длабоки промените што треба да ги направиме. Сами тоа не можеме тоа да го направиме. Нам ние е потребан подршка од странство, подршка на јакнење на сите странски инвеститори, довербата нивна за да дојдат овде. Тие нема да дојдат затоа што имаме ваков или таков состав на нашата Влада, туку дали сме одлучиле да се потпреме на нив, а ние не сме одлучиле. Со тоа што ги викаме да дојдат, нема да дојдат, верувајте.

По многу што економијата во Македонија е уникатна и мораме да водиме сметка, да не чекаме, да го решиме тоа прашање. Треба да се решиме на таков чекор, а  додека не се решиме, ние Владата не можеме да ја подржуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Повелете г-дине Тачи ги имате вашите 15 минути.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Почитуваин колеги пратеници, почитуваин вие кои што по неколку минути ќе го добиете мандатот како Влада.

Накусо сакам да го потсетам новиот премиер, г-динот Бучковски дека тој треба да биде свесен што наследува една ситуација, еден начин на работа , наследува нешта кои се направени или не се направени од претходните Влади. Имам почитување кон неговата готовност да направи некоја промена, но не верувам дека патеката врз која работи и по која сака да трча, навистина е многу кратка.

Накратко, јавноста е многу заинтересирана што се случува во Кондово и што ќе се случи понатаму. Сепак, ние не треба да заборавиме што се случи со оваа држава во 2001 година, и не треба да го заборавиме третманот кон нашата држава која и натаму не е како нормална држава, како останатите држави во Европа.

Јас синојка слушнав еден фигурант на ДУИ кој рече дека случајот во Кондово е случај кога станува збор за кравјо беснило и дека целото село купило месо од лудата крава, со една единствена цел да станат и тие луди. Сакам да дадам објаснување дека  не може ДУИ да бега од тие што ни донесоа луди крави тука. Ако на некого му изгледа симпатично и ефективно случајот во Кондово дека може да ги

заплашува Македонците, при случајот на референдумот да не гласаат за референдумот, но по се изгледа дека каменот или коската остана во грло и некој требаше да ги удри по глава за коската или каменот да се симне во стомакот.

Благодарејќи на сите фактори кои беа заинтересирани овој проблем да се реши на мирен начин, денес во Кондово ќе има една средба со граѓаните, во 14,00 часот, нема да има вооружани лица, нема да има оружје, но сепак ДПА треба да објасни пред јавноста за својата готовност да придонесе во овој случај. Ние и натаму ќе придонесуваме во вакви случаи. Да дадам едно кусо објаснување:

Бездруго што имаше многу фактори кои сакаа нас како ДПА да не оценат дека поинаку сме се однесувале во однос на целото наше политичко дејствување, сакам да ја потсетам јавноста за случајот на киднапирањето на Македонските војници кога ДПА стана заложник тие војници да се ослободат.

Почитувани од идната влада, треба да имате предвид дека наследувате една ситуација на голема измама на Албанското население. Почитуван иден премиер, треба да имате предвид дека Албанците и натаму се убедени дека нема никакво подобрување на нивниот државно-правен статус, по изборите во 2002 година и никакво подобрување од социјален и економски аспект. Вие сте наследници на некоректните и недемократските избори. Вашиот претходник, г-динот Црвенковски стана претседател на држава преку грабеж на Албанските гласови. Раководители на оваа пљачка беа и се предвидува да бидат ваши партнери во коалицијата, а тоа е ДУИ. Јавна тајна е дека тие во Куманово, Скопје и Кичево ги добија гласовите под цевките на калашникот. Но, сепак вие треба да дадете гаранција пред јавноста , пред граѓаните дека ќе бидете гарант на наредните демократски слободни избори.

Правичната застапеност на Албанците во системот на администрацијата не ја придвиживте ниту 1%. Корупцијата, организираниот криминал, непотизмот, станаа феномен, не примерна појава за оваа Влада, особено за вашите партнери во коалицијата. Јас се чудам како некои од вашите партнери се однесуваат како да не знаат што се случува околу нив. Пицеријата “Соло” или “Солед” ја познава цело Тетово, ги познава сите ваши команданти кои го рекетираат народот, ги знаат имињата на Касами и другите кои се шефови на рекетот над Албанското население. Сигурно вие треба да се занимавате со оваа работа . Професионално не се занимавате со оваа работа, но во Тетово имате на слобода десетици и десетици убијци кои со вашите партнери во коалицијата извршуваат манифестации на заеднички годишнини, заеднички спогодби, дури и со заменик министерот кој вие ќе

го определите, ги организираат овие манифестации со истрели, преку калашникови и друго оружје.

Сепак на крај сакам да констатирам нешто, мнозинството од луѓето мислат дека вие имате желба да дојде до дегенерирање на албанското општество, нас да не претставите пред светот дека не заслужуваме нормален третман. Јас и натаму ќе останам со убедување дека вие не ја имате оваа желба и дека ќе работите да не дојде до таа дегенерација. Инаку до колку дојде до дегенерирање на албанското општество, не треба да заборавите, сакале или не нашата среќа е заедничка. Ние сме соседи. Вие не можете да избегнете од оваа дегенерација. Мислам дека многу малку време имате да не убедите сите дека вие ќе дејствувате поинаку. Нормално дека ние сме опозиција, длабока, демократска, нема да ги подржиме вашите желби и денес нема да го добиете нашиот глас. Но, до колку почувствуваме дека вие реално сте конструктивни и имате желба да придонесете за решавање на тешките ситуации и состојби, за напредок на луѓето, бидете сигурни дека ќе имате наша подршка и ние ќе бидеме конструктивни. Во спротивно ќе се обидеме што побрзо да ве отстраниме од вашите раководни места што ги имате.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Повелете г-дине Рафис Алити, вашите 15 минути.

РАФИС АЛИТИ:

Почитуван претседателе на Собрание, почитувани колеги пратеници, почитуван мандатар, иден премиер и идни министри,

На почетокот сакам да нагласам дека ние пратениците сме свесни за временскиот момент, за наследените проблеми од минатото и работата која треба да ја вршите вие и вашиот кабинет, владин кабинет, во овој двегодишен мандат.

Г-дине мандатар и вие идни министри, чест и посебна почит е за вас и за вашите семејства што денес се бирате за министри, меѓутоа и ваша привилегија. Во овој мандат тоа треба да биде ваше потсетување за подобрување на животот на обичниот граѓанин затоа што нашите граѓани се соочуваат со егзистенцијални проблеми.

Г-дине мандатар јас ќе ве потсетам на германскиот премиер Конад Аденауер кој наследи една растурена Германија до темели, наследи Германија безнадежна. Меѓутоа тогашниот премиер Конад Аденауер свесен за временскиот момент и

политичкиот момент, исто така и економскиот момент, на Германскиот народ му вети работа, знаење и потсетување. Тој само со неговата работа и со неговото однесување даде позитивен одраз кај неговиот кабинет и кај сите вработени во неговата Влада. Тој позитивно се одрази и кај Германскиот народ. Меѓутоа тој и неговиот кабинет влегоа во Германската историја и денес посетителите кои го посетуваат неговиот кабинет, освен другото ја гледаат и неговата торба за работа. Во таа торба и ден денес се гледаат трагите од храна, храната кој тој самиот ја изготвуваше дома и се хранеше во неговиот Владин кабинет, а не во тогашните ресторани.

Вие г-дине мандатар дадовте ветување во вашето Експозе дека кај вас нема да недостига волјата, желбата, потсетувањето и над се работата. За да биде успешна оваа Влада треба да стимулира и да биде гарант за бизнисмените во државата и странските бизнисмени за една слободна трговија, слободен пазар .

Овој кабинет, заправо оваа владина коалиција имаше смелост отворено да говори и да се соочува со една лоша појава на овој век. Тоа е корупцијата. Корупцијата не познава национални и верски бои и е присутна во сите сегменти на ова општество. Борбата против корупцијата треба да биде продолжена од ваша страна и да биде бескомпромисна и постојана. За тешките приоритети на државата, за интегрирање во северноатланските структури, во ЕУ, како и укинувањето на визите за граѓаните на Република Македонија , ќе биде едно ваше тежнеење , ваша цел и ваша аспирација за овој две годишен мандат.

За реализирање на нашите цели кои се горе споменати, г-дине мандатар, овој пат знаеме дека е долг и тежок, отпочнатите реформи во судството и во администрацијата, треба да продолжат со поголема смелост и поголема динамика.

Имплементирањето на Охридскиот договор треба да се реализира во целост и без двоумење, од причина што иние овде, меѓутоа и сите дипломати од разните центри даваат јасни пораки дека патот до ЕУ и НАТО поминува преку Охрид.

Почитувани колеги пратеници, г-дине мандатар, Македонија треба да одигра активна улога во позитивните процеси кои се развиваат во регионот. Зошто да не биде и  еден од лидерите на овие процеси.  Македонија да биде лидер на овие процеси во ргионот, потребна е помош од позицијата и од опозицијата, потребна е помош од сите граѓани на Република Македонија во тој правец, независно од тоа кој на која заедница и припаѓа.

Јас на крајот, во име на парламентарната група на ДУИ ви давам до знаење дека ние ќе ја подржиме оваа Влада со надеж дека вие ветувањата што ги дадовте пред пратениците и пред јавноста, ќе се придржувате на нив.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Завршен збори има г-динот Бучковски мандатар на новата Влада на Република Македонија .

Повелете.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитуваин пратеници.

Изминатите два дена внимателно ги слушав сите забелешки и конструктивни предлози, критики и критизерства, од дел од пратениците. Но, едно што морам да го извлечам како констатација, сметам дека она што на почетокот пледирав во моето Експозе, срамежливо се остварува. Сепак одиме чекор напред во постигнувањето на слогата и единството. Сепак, онаа моја констатација дека до сега бедата и не слогада ни ја нагризува надешта, сега кај мене, како непоправлив оптимиста, што за некого е моја главна мана, за некого е моја главна предност, уште повеќе ја зголемува во желбата оваа Влада да направи се што е во нејзината можност работите да тргнат на подобро.

Говорев дека многу работи ќе зависат од нас и дека Република Македонија не може да направи чудо преку ноќ, но и дека чудата се можни. Неколку дискутанти, неклку пратеници мене ме уверуваат дека навистина е можно чудо. Како што во изминатите неколку години беа постојани и отворени политичките конфронтации меѓу мене и Стојан Андов, сега после четири години за прв пат и во неговиот поглед, и за прв пат по неговите дискусии забележав конструктивност и желба да се помогне. Ако дел од она што барем јас го почувствува како позитивна енергија, го има и кај сите други луѓе со добри намери и добра волја, тогаш Република Македонија , реално има перспектива. И сето тоа што го говореше идниот премиер, оние злобници кои тврдеа дека тоа е можеби само негова пуста желба или празни ветувања, јас сум убеден дека можеме да го оствариме.

Многумина го спомнуваа и Џефри Сакс, го спомна него г-динот Рамадани, Стиф Хенке го спомнуваше г-динот Андов. Јас нема да спомнувам кој ќе работи во

кабинетот на премиерот, но ќе биде еминентно име што мислам дека ќе биде во рангот на овие кои работат. И според мое мислење не е неопходно да го воведеме валутниот борд за работите да тргнат на подобро и Македонија да стане посакувана дестинација за големите компании кои ќе дојдат.

Говореше г-динот Марјан Ѓорчев за инвестиционоит фонд, за подршка која е неопходна и ние ќе работиме, една од најголемите инвестициони банки ЈБС да биде партнер од Република Македонија , во периодот кој пртстои .

Јас сега ќе се обидам, бидејќи љубопитството на пратениците беше поголемо од мојата желба да се затскриеме зад бројки , но ќе говорам сега за некои бројки, иако претендирав и така ќе претендирам за нас да говорат делата, а верувам дека ќе направиме многу работи, што на крајот и ова што го кажа г-динот Тачи, и опозицијата ќе ја покаже својата конструктивност, како што ја покажува во изминатиот период за решавањето на случајот Кондово. Значи, посебно дел од опозицијата сакаат да ги слушнат бројките околу индустриското производство и дали ние предвидуваме раст. Предвидуваме раст. Паралено со ова е предвиден и буџетот , проекцијата на буџетот за 2005 година. Гледате дека предвидуваме раст од 6 до 7%. Не треба да бидеме многу големи економисти за да предвидиме дека тоа ќе се случи, затоа што во меѓувреме се рестартира дел од кацитетите кои беа затворени. Очекувано е да работи и Тораница и САСА и Злетово.

Некои од нашите предвидени реструктуирања одеа и без поддршка на Владата. Тоа се пред се “ЧИК” - Комбинатот во Куманово и “Кожарскиот комбинат” во Куманово. Но на листата на она што го имаме како реални проекти што ќе ги завршиме извесно е дека ќе дојде до раст на индустриското производство, затоа што на почетокот од идната година ќе биде рестартиран и МЗТ - ФАМ, и “ИСКРА” - Куманово, во погоните на поранешниот ХЕМТЕКС ќе почне да работи ЕУРОМИЛК, ќе почне да работи и БУЧИМ по последната продажба, ќе почне да работи “Топилницата” - Скопје, ќе заврши конечно и судската разврска за ГОДЕЛ, “Порцеланка” е пред рестартирање, Печатницата НИП “Нова Македонија” е веќе пред продажба. Остануваат за решавање во втората половина на идната година и “Алумина”, ТИПО, “Газела” и другите загубари. Тоа значи дека се реални нашите проценки и дека за тоа ќе разговараме дека индустриското производство ќе биде од 6% до 7%. Од друга страна, реално е нашето предвидување, проекциите што ги правиме дека бруто домашниот производ идната година ќе порасне за 3,8%. извозот ќе го зголемиме затоа што во прилог ни одат светските цени на некои од

производите, кои ќе бидат основни извозни продукти на Република Македонија, како што се железото и челикот, а понатаму ќе се стимулира извозот и на текстилот. Значи реално е да се очекува еден процентен поен намалување на трговскиот дефицит, а инфлацијата и понатаму ќе биде контролирана според проекцијата на ниво од 1,5%.

Ова се основните економски показатели на кои, ако ја додадеме стапката на невработеност, бројката која во споредба со 11-ти месец 2003 година со последната бројка од 11-ти месец 2004 година покажува дека немаме зголемување на невработеноста. Тоа не значи дека сме го решиле проблемот. Значи и во 11-ти месец 2003 година имаме 390 илјади невработени, и сега имаме 390 илјади невработени. Ако имаме предвид дека крупните преструктуирања завршија, претстои преструктуирањето кое го најавивме, кое е еден од условите за преговорите со Светската банка, тоа е преструктуирањето на Македонски железници, трансформирањето на водостопанските претпријатија за кои говориме и трансформацијата на Македонска телевизија, а од друга страна навестувањето дека ќе ги отвориме овие 12 загубари, реално е да дојде до намалување на стапката на невработеност.

Од друга страна, наша заложба ќе биде не само со административни мерки како досега да го стимулирање вработувањето, туку и конечно евиденцијата на работната сила да ја доведеме во реални рамки. Свесни сме дека егзистираат различни бројки колку луѓе бараат работа, последен излезе Синдикатот со бројка дека од овие 390 илјади евидентирани невработени 200 илјади работат на црно. Проценките кои ги има Светска банка говорат дека во Република Македонија веројатно работат од 70 до 100 илјади луѓе на црно, а она што е евидентно заради системот кој го имаме и кој треба да го менуваме, јасно е дека од оние евидентирани 390 илјади невработени меѓу 150 и 180 илјади никогаш и не бараат работа, туку се пријавуваат на Бирото за невработени само заради здравственото осигурување. Ако сето ова го ставиме во една рамка, ако не со административни мерки да ги казнуваме само оние кои работат на црно и работодавците, туку да ги изнајдеме механизмите кои се прават во Министерството за труд и социјална политика, да ги стимулираме тие да бидат вработени, во претстојните реформи кои претстојат во либерализацијата на работната сила и пазарот на трудот, јас верувам дека ќе можеме полека но сигурно да ја добиваме оваа битка. Но крупната битка во овој дел кој најмногу не мачи во делот на бедата и сиромаштијата треба да ја добиеме со

создавање на подобра бизнис клима. Значи, ние треба да ги создадеме условите, а не како досега со државен интервенционизам државата да се грижи за вработените. Државата во овие неколку години мака мачи со јавната администрација и некој говореше, иако најавувавме рационализација, клучната рационализација на јавната администрација треба да се случи со Законот за јавни установи. Јас верувам дека паралелно со процесот на децентрализација тоа ќе профукционира и ќе имаме еден државен апарат кој одговара на потребите на оваа држава.

Она што неколку пати беше споменато, пред се, од неколку опозиционери околу нашата заложба да создадеме бизнис клима и неверувањето дека тоа може да се направи, мислам дека ќе се согласите дека сите го знаеме патот како до тоа се стигнува, дека стабилизирањето на безбедносната состојa е еден од предусловите да имаме подобра бизнис клима и тоа ќе го направиме. Тоа ќе го направиме затоа што се покажа, и оние кои беа нервозни и беа нетрпеливи, кои не веруваа во политички решавања на кризни ситуации кои во период, како што реков, од три години после конфликтот се можни во иднина, функционира. Никој пат нема да бидат исцрпени сите механизми на функционирањето на правната држава, но секогаш додека овој човек е прв човек на Владата јас ќе претендирам да се наоѓаат политички и мирни решенија на постконфликтните кризи кои нема да бидат исклучени. Дали некому ќе му се допаѓа или не, дали некому ќе му бидат лепени етикети дека е предавник, тоа премиерот Бучковски, кој од 13,00 часот ќе биде прв човек на Владата, нема да му влијае на неговите одлуки како прв човек на Владата. Верувам дека доволно извлековме поука дека со насилни средства не може да се реализираат политички барања и драго ми е што од оваа говорница тоа го повторија и оние кои на тој начин се промовираа на политичката сцена, како што рече некој, но и оние кои сега се во опозиција и побараа од мене како прв човек на Владата да гарантирам дека на идните локални избори нема да се случи крвопролевање, како што имаше во 2000 година.

Да се потсетиме, корените на кризата во Кондово не се од вчера, не се од пред седум недели. Кризата егзистира од последните локални избори. Фатмир Јакупи таму го загуби животот во пресметката меѓу тогашната позициона и опозициона партија. Јас и тогаш бев на три пати кај неговата мајка и кај неговото семејство. Јас сега чекам сигнал од тоа што го прават политичките партнери од албанскиот политички блок да дадат сигнал кога новиот премиер на Владата на Република Македонија ќе отиде во Кондово - нема бегање. Јас одев на многу места

каде што многумина не отидоа и би сакал однапред да ви се извинам затоа што некој рече подобро е да им кажеш на оние кои не те познаваат дека ќе бидеш атипичен премиер или можеби таков политичар си кој ризикот во политиката го прифаќаш како реалност и многупати постапуваш спротивно од преовладувачкото јавно мислење. Таков ќе биде првиот човек на Владата. Верувам дека тимскиот дух кој ќе им го наметнам, ќе имате една влада која ќе биде фајтерска како што е премиерот. Ние ќе се бориме со сите проблеми и ќе ги решаваме проблемите. Нашата задача ќе биде да не правиме проблем, а времето ќе покаже дали ќе биде така.

Почитувани колеги, почитувани пратеници, за да направиме подобра бизнис клима сите треба да дадеме се од себе, да имаме политички поволна клима. Континуираниот дијалог кој јас го навестувам да биде превентивно дејствување против сите проблеми кои ќе се јавуваат. Знаеме дека треба ресоцијализација, но да не претераме со ресоцијализацијата само на еден сегмент од она што беше конфликт, а да го заборавиме другиот сегмент за кој срамежливо говореше некој од опозицијата на овие седници,  а многу погласно во јавноста.

Значи ако имаме еднаков аршин и ако сакаме повторно ова да биде нов почеток и пресврт во градењето на нашата доверба, треба со истиот оној елан со кој се бориме за оние кои не успеаа да се ресоцијализираат за три години, да имаме предвид дека дел од бранителите сеуште имаат проблеми кои треба заеднички да ги решаваме. Како ќе го решиме - со политички средства, не со вршење притисок на судските органи и мешање во третата власт која треба да биде независна.

Но за да имаме таков правосуден систем и такво судство, клучниот сегмент што ќе ја подобри бизнис климата, што ќе не направи поотпорни против корупцијата, кој ќе го направи тој систем имун од политичкото влијание, треба сите заедно да влеземе во реформа на правосудниот систем. И јас сум охрабрен од првите чекори. Имав контакти со лидерот на опозицијата Груевски, имав контакти со претседателот на ДПА и со неговиот потпретседател за реформата на правосудниот систем, декларативно ја имаме поддршката затоа што за таа реформа ќе ни требаат измени на Уставот, ќе ни треба 2/3 мнозинство. И тоа е добар сигнал.

Јас искрено верувам дека материјалот кој беше испратен со внимание ќе биде погледнат и ќе бидат дадени забелешките. Знаеме што треба и можеме да го направиме. Јас не можам да се согласам со дефетизмот кој преовладува во некои пишани дискусии и дефинитивно дел од опозицијата мора да ги смени оние кои ги

пишуваат говорите, затоа што кај овие од оваа страна заличувале на некое друго време. Подобро такви нека пишуваат затоа што тоа време беше пооптимистичко и подобро се живееше. Јас не видов во ниту еден од пишаните говори ниту зрак на надеж, а не е се така црно.

Значи, со реформата на правосудниот систем прво ќе го направиме судството да биде имуно на политичките влијанија, ќе направиме судството да биде ефикасно, ќе го вратиме повторно на голема врата владеењето на правото, ќе направиме поинаква структура на судството за да може да одговори на нови предизвици, ќе ја зацврстиме довербата во правниот систем дека ја гарантира приватната сопственост, ќе мора да го реформираме Катастарот со информатичка нова технологија за да можеме на тој начин со  евиденцијата на сопственоста, што е многу битна за потенцијалните инвеститори, да создадеме поволна правна рамка на она што треба потоа да биде поволна бизнис клима. И тоа ќе го направиме, верувајте ќе го направиме ако веруваме дека тоа е клучот на нашиот влез во Европската унија и во НАТО, но ако е тоа клучот како да ја отвориме вратата и оние што јас ги повикував да дојдат овде и да инвестираат. Сме направиле и потешки работи, ќе го направиме и тоа. Имаме компаративни искуства. Знаеме дека тоа е послениот чекор и до членството во НАТО и во Европската унија. Гледаме во нашето соседство што се случува: задоцни во делот на тие реформи Романија, Бугарија отиде понапред, има веќе сигнали не 1 јануари 2007 година, Романија ќе биде примена во Европската унија можеби во 2008 година. И ние функционираме под таков позитивен притисок.

Моето искуство е драгоцено две години што работев со НАТО и начинот на кој функционира НАТО советодавниот тим, тоа ќе биде функцијата на твининг системот сега што ќе го имаме за нашето приближување кон Европската унија. Таков еден мал тим јас сакам да имаме и во нашиот кабинет, да ми помага и мене и на Минчо Јорданов и на Никола Поповски и на Фатмир Бесими и на Стевче Јакимовски и на сите оние кои треба да ја покренеме економијата. И тоа ќе го направиме. Верувале вие или не, времето ќе покаже, делата ќе покажат.

Ќе ја смениме методологијата на работа. Реков дека ќе бидеме побрзи и поефикасни, ќе работиме на конкретни проекти. Некој сакаше да говориме и за проекти. Не се тајна проектите кои егзистираат и ги знае јавноста, но дел од нив бидејќи за многумина моите кажувања беа без бројки и проекти и рамки. Еве, ќе говорам за она што го правиме и што ќе го направиме.

Најголемата наша можност за да ја направиме Македонија, како што рече некој, градилиште и да инвестираме е да наоѓаме потенцијални инвеститори во инфраструктурните објекти и проекти и тоа ќе го правиме. “Матка” 2 проектот кој чини 44 милиони евра ќе се реализира; Далекуводот кон Бугарија кој чини 50 милиони евра ќе се реализира; Далекуводот кон Грција 5 милиони евра ќе се реализира; Гасната електрана за која некој се сомневаше дека ќе ја направиме конечно мора да ја направиме, ние за неколку месеци влегуваме во предизборна година за парламентарни избори, можеби ние сме имале некоја тактика па сме правеле. 140 милиони евра вреди Гасната централа и нејзе ќе ја правиме. Бошков мост за кој веќе сме во завршна фаза чини 70 милиони евра, проектот го завршуваме. Го навестуваме уште сега проектот за 25 мали хидроцентрали, кој ќе чини 110 милиони евра. Нема да собирам колку е тоа вкупно за да не влезам и јас во замката што се ќе прави оваа Влада. Тоа се проектите на кои ќе работиме, а на кои ќе додадам уште два проекти кои се извесни: проектот Автопатот од Табановце до Куманово во должина од 7,3 км кој ќе чини околу 10 милиони долари и конечно нашата желба, она што не може сами да го направиме, последната делница од Коридорот 10, тоа е делот од Демир Капија до Смоквица, најтешкиот дел, во должина од 34 км, апроксимативно околу 150 милиони евра ќе биде заложба на оваа Влада да се даде под концесија. Со тоа да го завршиме Коридорот 10 за да може во 2006 година да влеземе поинтензивно во реализација на дел од делниците во Коридорот 8.

Значи оваа Влада има план, а ќе прави и сериозни напори во делот на енергетиката каде имаме најголеми можности и каде можеме да донесеме најголем број од странските инвеститори, големи компании, како да речеме “Лукоил” или “Гаспром” кои ги навести министерот за надворешни работи Лавров како заинтересирани да влезат во делот на енергетиката на Република Македонија, да ги донесеме овде. Значи ќе треба ние многу работи да направиме да ја промовираме Македонија, а не со црни сценарија и прогнози дека само што утре не почна новото Танушевци. Танушевци нема да се врати, 2001 година нема да се врати. Убеден сум дека и оние кои се најскептични ќе сватат дека Република Македонија многу повеќе ја ценат надвор и многу подобро ги познаваат приликите овде во Македонија и констелацијата на силити, дека нема и меѓународната заедница да дозволи да ни се случи 2001 година, затоа што тогаш не испушти од раце и тогашната Владата, најголемата коалиција не се снајде на време да ја менаџира кризата, сепак, имајќи

предвид што се случуваше во 2001 година, направивме едно чудо. И треба со тоа да се гордееме сите што сме овде, независно кој е позиција, а кој опозиција, а не да плукаме по Македонија, да предвидуваме дека ќе се случи катаклизма и на тој начин ние да испраќаме лоши сигнали за оние добронамерните што јас ги повикувам да дојдат овде да инвестираат. Но секој пат ќе има и скептицизам и дефетизам, тоа е нормално. Ние ќе промовираме оптимизам но и реалност. Ова за што говорам се реални проекти за кои ќе ни треба и поддршка, работиме на таа поддршка. Тоа што е извесно е дека ќе почнеме разговори, една од најголемите инвестициони банки УБС да биде нашиот партнер ми дава дополнителна гаранција дека ова можеме да го направиме.

Почитувани пратеници, една од најчесто споменуваните дискусии беше борбата против корупцијата и организираниот криминал. Јас ја прифаќам идејата на еден од најискусните пратеници во овој парламентарен состав, пратеникот ЉУбисав Иванов Ѕинго, да направиме антикорупциски фронт. Дајте да направиме ние фронт, имаме регулатива, имаше добри досетки зошто да речеме претходната Влада односно сегашната опозиција не го донесе оној сегмент кој беше најбитен во Законот за борба против корупција, функционирањето на Антикорупциската комисија. Веројатно и на нив им беше јасно затоа што се гледа начинот на кој внатре партиски сега се пресметуваат во една од главните опозициони партии дека корупцијата не беше измислица само на оваа Влада. И на претходните, се слушаше се и сешто. Дури пратеникот Иванов зборуваше за некој поранешен пратеник од едно семејство што вие не го сакате почитуван господине Иванов, но мислам дека да се каже дека некој украл 5 милиони евра или некој од нашите пратеници што рече дека украл 7,5 милиони евра, Груевски или некој друг, покажуваше со прстот од оваа страна дека Благој Стефановски земал 2 милиони евра од Пелинце мислам дека не е вистинскиот начин како се води борбата против корупцијата и организираниот криминал. Со клеветење и злоупотребување на собраниската говорница не се води борбата против корупцијата и организираниот криминал. А ние не знаејќи на кој начин да се пресметуваме меѓу себе мислам дека ја злоупотребуваме таа организирана битка што ја водат во цел свет, па влади и на многу други места паѓаат или остануваат во успешноста на борбата против корупцијата и организираниот криминал. И мислам дека сите по малку сакаме да претеруваме во тоа дека на врвот, посебно во Владата е сконцентриран најголемиот извор на корупцијата и криминалот. Јас не велам дека дел од владините структури се имуни

на такво нешто, но гарантирам во изминативе две години како член на Владата дека во споредба со другите сегменти во општеството Владата не е главниот извор на корупцијата и организираниот криминал, затоа што истото тоа би значело сите од левата страна што седат да почнеме да говориме поинаку и да ги ставаме на белите или на  црни листи, па не знам дали ќе биде тоа Груевски или Љубчо Георгиевски, утре не ќе може да направи Влада ако сите оние кои имаат во овој момент предмет пред Антикорупциската комисија однапред сметаме дека се виновни, како што некој ми велеше како во твојата Влада денес е Стевче Јакимовски или Благој Стефановски. И едниот и другиот немаат ни к од корупција направено и затоа се во мојата Влада, и едниот и другиот. Времето ќе покаже. Пелинце не беше измислица на Благој Стефановски или начинот не е корупција -  убаво кажа Исмет Рамадани - рушветот или митото и со борбата против корупцијата и организираниот криминал секое отворање на некој случај не значи дека има корупција. Не била запазена постапката, при Законот за јавни набавки има случаи кога може некој договор да се склучи со ограничен повик, или не е корупција во еуфоријата која се создаде и начинот на кој Стевчо Јакимовски постапи, некој рече дека тоа го направил заради земање рушвет или мито. Јас сум убеден дека не го направил тоа затоа што во 38 случаи каде што тој беше човекот кој го ставаше потписот во делот на преструктуирањето имаме 38 чисти случаи, што е незамисливо. Министерството за економија претходно беше легло на корупција и криминал. На овој начин, бранејќи ги двајцата членови на Владата кои најчесто беа споменувани, ќе ги бранам секој пат и другите членови на Владата кога сметам дека се неоправдано обвинети или со нив се врши обид јавно да бидат линчувани.

Следниот пат веројатно ќе има пратенички прашања. Не говорам за делот за Министерството за финансии и за Уредбата за продавање на изградено градежно земјиште. И за тоа ќе излеземе со сите материјали, ќе ни помогне Никола, ќе излеземе пред јавноста транспарентно да ги објасниме сите случаи. Но, од друга страна ќе треба сите да се запрашаме што направивме ние во своето политичко делување и кога конечно ќе сфатиме дека сите треба со својот личен пример да се борат против организираниот криминал и корупцијата. ВМРО ДПМНЕ тоа го направи. Има еден телефонски број како што има Управата за јавни приходи и Царината да се пријавуваат случаите на корупција. Значи, треба во сите институции за кои знаеме дека се потенцијално легло на корупцијата и криминалот да го направиме истото како превентивно дејствување. Но, треба да го направиме тој бизнис да биде

неисплатлив, со ефикасно судство каде што оние кои се фатени на дело, иако е тоа ѓаволски тешко. Јасно ви е дека како и во љубовта и за корупцијата и за митото и за рушветот треба двајца. Не секој пат се подготвени едниот на другиот да му постават сопка, или едниот да ја прифати играта која е стандардна за да може да докаже дека некој учествува во коруптивен скандал. Но, секој од нас во своите институции, универзитетот кој може под капата на Министерството за образование да си преземе свој дел, новиот министер за здравство во здравството, онаму каде што знаеме во оние сегменти каде што секојдневно секој се среќава со тие случаи. Дајте да дадеме свој придонес да го совладаме ова зло, затоа што да не се доведеме ние како сега што е Романија, заради неефикасната борба против корупцијата, да пропушти една година на својот пат кон ЕУ. Мислам, ако ние имаме искрена волја тоа да го направиме, а не да си лепиме етикети кој повеќе украл пари во недокажани “скандали”, не е тоа борбата против корупцијата и криминалот. Уште повеќе што самите ние претставниците овде и политичките партии го даваат шлагвордот за да можат после медиумите да си водат некој пат доследна, некој пат недоследна медиумска хајка против поединци или групи. Така што овој антикорупциски фронт ние ќе го отвориме во Владата со тоа што ќе имаме многу повеќе соработка со антикорупциската Комисија и многу повеќе соработка со невладините организации кои се лидери во оваа соработка, како што е да речеме “Транспарентност Македонија”.

Почитувани пратеници, говореа многумина за безбедноста и јас она што сакам да го повторам, затоа што на почетокот споменав како ние ќе се справуваме со безбедносните предизвици, незанемарувајќи ја политичката превентивна борба, но и ако дојде до некоја криза, нормално барајќи поддршка од избраниците на народот. И, за мене сосема легитимно е инволвирањето на пратеници од Парламентот во решавањето на било каква криза, па да е таа и безбедносна. Ако бидат исцрпени сите политички средства, мора да функционира правната држава и во конкретниот случај со такви намери и со такви пораки отидоа и претставнците од ДУИ и од ДПА. Така што и ние и вие сите, да знаат дека овде трпението, толеранцијата може да биде само добитна комбинација за сите, а проблемите ќе треба да се решаваат, ако бидат трансферирани на оној начин, како што во секоја нормална демократска држава тоа е нормалниот пат.

Проблемот со нелегалното оружје, се сложувам не го решивме до крај. Донесовме закон, ја подигнавме свеста без ефект, затоа што и тогаш не бевме

единствени. Сега говориме отворено, имавме опструкција од опозиционата партија на Албанците во Република Македонија која за волја на вистината има 99, 9% градоначалници на ниво на локална самоуправа, а тие ни беа главните играчи. Значи легитимно е барањето ќе мора уште еднаш да ја повториме целата постапка, затоа што такви беа и сугестиите од УНДП, нашиот партнер во сето ова, затоа што проблемот не е само во Македонија. Имаше црни бројки, ја направивте најцрната држава Македонија во регионот, а не е точно, со бројки што ги вадеше некој од ракав. Тука најмногу претера Груевски кој вадеше некои анкети за корумпираноста, за небезбедноста на Република Македонија колку не била посакувана дестинација, анкети кои се за 2002 година, незнаејќи дека самиот со тоа си забива нож во грб, како потенцијален лидер на оваа држава во некои идни времиња.

Но, да се вратам на дел од она што остана неспомнато во моето експозе. Безбедноста, ресоцијализацијата, градењето доверба, исполнувањето до крај на Рамковниот договор не треба да биде единствениот приоритет на оваа Влада. Дел од Рамковниот договор се и раселените лица. Раселените лица, прифаќам дел од забелешките, посебно беа истакнати од опозицијата заслужуваат должно внимание и решавање на двете отворени прашања, населението од Матејче, Опае, Отља и населението од Арачиново. И тука ќе ни треба поддршка, со овие напори како што се правеа овде, како што правеше и дел од пратеничката група во мешовит состав каде што одеа во Арачиново демонстрирајќи дека има во Парламентот доверба, мора да создадеме услови и во Арачиново и во Матејче да ги вратиме раселените лица.

Едно од клучните прашања за кои срамежливо беше споменато во владината програма е нашата подготвеност да влеземе во клучната 2005 година за регионот и каков ќе биде нашиот статус по евентуалниот финален статус на Косово. Во пресрет и на доаѓањето на Петерсен кој денеска е во посета на Република Македонија, би сакал уште еднаш да го повторам ставот на досегашната влада кој ќе биде став и на идната влада, дека Република Македонија ќе го прифати секое решение кое заеднички ќе го постигнат Белград и Приштина со посредство на меѓународната заедница, решение кое го гарантира територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Ние во овој момент, тоа е мое лично мислење, тоа ќе биде и политика на Владата веројатно, ако успеам да ги убедам клучните министри кои се одговорни во овој дел, но и претседателот на државата, мораме да бидеме многу поактивни. Мислам дека нашата цена на чинење сега е многу повисока. Позитивниот пример на Македонија во решавањето на меѓуетничките проблеми, промоцијата

реално на мултиетничко и мултиконфесионално општество, Рамковниот договор кој со многу проблеми го реализираме, бројките ќе покажат на крајот дека соодветната и правична застапеност кој е процес кој трае ќе доведе до она ниво да биде застапена албанската заедница пред се соодветно и правично и во државната админстрација. Нема да бидат потребни 50 години. Тоа е утопистичка и фаталистичка прогноза која три пати ја повторивте, а ја повторувате на секоја седница на пратенички прашања. Ниту за педа не отстапувате, а бројките не ви одат во прилог. Ќе видите оваа година дека не 0, 2,3, туку 2,3 пораст на застапеноста на албанците во државната администрација. Но, за таа тема другпат.

Решавањето на Косовскиот случај ќе биде голем позитивен сигнал за сите потенцијални инвеститори дека овој регион конечно е безбеден. Значи, кога говориме за поволна бизнис клима, имајќи предвид какви се ризици има, тогаш мора да се има во предвид и регионалното опкружување. Ние ако посакуваме она што првата лекција што ни ја даде новиот потпретседател на Владата што ќе биде Минчо Јорданов, дека треба да создадеме услови кредиторите да бидат посигурни во пласманот на кредитите, а кредитобарателите да имаат поевтини пари и да направиме безбедност, да направиме таков ефикасен судски систем каде што ќе знае оној кој има проблем со враќањето на кредитите, дека стечајната постапка која во овој момент е на тапет и ќе се разгледува со Светска банка, дека е предолга и не нуди гаранција дека ќе се штитат правата на доверителите е еден од клучевите на успехот како и тука може да ги подобриме сите работи.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, да не должам многу, пред вас имате Влада која треба да добие шанса. Ми беше јасно уште на почетокот дека оние кои се опозиција нема за нас да гласаат. Затоа во моето експозе се обраќав на граѓаните. Вашата доверба сега не можеме да ја добиеме. Нам ни треба поддршката на граѓаните, затоа што ние и сметавме и сметаме и ќе работиме за граѓаните на Република Македонија.

(Аплауз)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници го заклучувам претресот по точката Избор на Влада на Република Македонија.

Преминуваме на гласање за избор на Влада на Република Македонија.

Собранието ја избира Владата со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање.

Гласањето за избор на Владата се врши по предложениот состав на Владата во целина.

Предложениот состав на Владата го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 96 пратеника, 71 гласале за, нема воздржан, 25 против.

(Аплауз)

Констатирам дека Собранието избра Влада на Република Македонија.

За претседател на Владата на Република Македонија е избран д-р Владо Бучковски.

За министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани: Јован Манасиевски за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана, Љубомир Михајловски, за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи, Мери Младеновска-Ѓеоргиевска за министер кој ќе раководи со Министерството за правда, д-р Илинка Митрева за минситер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи, м-р Никола Поповски, за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии, м-р Фатмир Бесими за министер кој ќе раководи со Министерството за економија, Садула Дураку, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Владимир Димов, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство, Азис Положани за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и наука, Стевче Јакимовски за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика, Ризван Сулејмани за министер кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа, Благој Стефановски, за министер кој ќе раководи со Министерството за култура, Џемаили Мехази, за министер кој ќе раководи со Министерството за транспорт и врски, м-р Зоран Шапуриќ за министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

За министри без ресор се избрани Радмила Шеќеринска, Муса Џафери, Минчо Јорданов, Владо Поповски.

Ги молам претседателот на Владата и министрите да дадат свечена изјава.

Ве повикувам да станеме.

Ги молам претседателот и членовите на Владата да го повторуваат по мене текстот на свечената изјава.

“Изјавувам дека функцијата ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија”.

Ги молам претседателот и членовите на Владата на Република Македонија да ги потпишат свечените изјави.

(Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија ги потпишуваат свечените изјави).

Почитувани пратеници, дозволете ми од името на сите пратеници да им го честитам изборот на претседателот на Владата и на министрите и да им посакам успешна работа во извршување на задачите кои ги очекуваат во наредниот период, како и успешна соработка во Собранието на Република Македонија.

(Аплауз)

Истовремено дозволете ми да им заблагодрам на досегашниот претседател на Владата и на досегашните министри за нивните залагања и да им посакам успех во нивната понатамошна активност.

Согласно член 89 став 5 од Уставот на Република Македонија функцијата претседател на Влада и министер е неспоива со вршење на други јавни функции, или професии, согласно член 89 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија со изборот на м-р Зоран Шапуриќ за министер, констатирам дека му престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи г-динот Зоран Шапуриќ беше избран од листата на кандидати потребно е ДИК да го извести Собранието за кандидат од оваа листа на кој треба да му се верифицира мандатот за пратеник согласно член 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Дами и господа, ве поканувам, ве повикувам во свечената сала да им го честитаме изборот на претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 85-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 13,20 часот)